# КОНЦЕПЦИЈА ЗА ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

/VБ ниво на квалификации од НРК/

Скопје, јануари 2025

**Работни групи за изработка на Концепцијата за постсредно образование:**
Во согласност со активностите на Проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието на возрасни“, Концепцијата за ПСО беше подготвена од:

| **Меѓуинституционална работна група** | **Работна група на даватели на постсредно образование** |
|---|---|
| - Мирјана Златанова, МОН<br>- Нуран Кадриу Џамбази, МОН<br>- Љубиша Николиќ, ДПИ<br>- Јане Николовски, ДПИ<br>- Сенад Сулејмани, ДПИ<br>- Ардијана Исахи Палоши, ЦРСО<br>- Соња Славковиќ, ЦРСО<br>- Горан Спасовски, ЦРСО<br>- Бојана Политова, ЦРСО<br>- Ридван Зеќири, ЦРСО<br>- Валентина Гоцевска, БРО<br>- Маја Крстевска, ЦОВ<br>- Лилјана Лазова, ЦОВ<br>- Лулзим Мехмеди, ДУТ<br>- Наташа Јаневска, СКСМ<br>- Јелена Спасова, ЗКРСМ<br>- Македонка Виларова, ЗЕЛС<br>- Светлана Ристовска Антиќ, ОРМ<br>- Јана Величковска, ОРМ<br>- Убавка Исијановска, СОНК<br>- Борчо Алексов, НРК | - Снежана Глигоријевска, ДСУ - РЦСОО „Киро Бурназ“ - Куманово<br>- Милица Поповска, СОУ „Никола Карев” – Струмица<br>- Македонка Гуџирова Попова, СОУ „Димитар Влахов” – Струмица<br>- Костадинка Тушева, СОУ „Димитар Влахов” – Струмица<br>- Наташа Алексов, АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје<br>- Валентина Шкрекова, ССОУ “Коле Неделковски“ – Велес<br>- Агим Незири, ДСУ - РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово<br>- Александар Петровиќ, ДСУ - РЦСОО „Моша Пијаде“ – Тетово<br>- Анета Атанасовска, Занаетчиска комора на Скопје |

| **Оперативно-координативна група** | |
|---|---|
| - Дана Бишкоска, МОН<br>- Мирјана Златанова, МОН<br>- Надица Костоска, МОН<br>- Валбона Елмази, МОН<br>- Жаклина Таневска, МОН<br>- Маја Бичиклиска, МОН<br>- Невин Сејфула, МОН<br>- Македонка Виларова, ЗЕЛС | - Љубиша Николиќ, ДПИ<br>- Јане Николовски, ДПИ<br>- Соња Славковиќ, ЦРСО<br>- Горан Спасовски, ЦРСО<br>- Бојана Политова, ЦРСО<br>- Валентина Гоцевска, БРО<br>- Маја Крстевска, ЦОВ<br>- Лилјана Лазова, ЦОВ |

**Работните групи за изработка на Концепцијата беа поддржани од проектниот тим**

- Лудмил Ковачев, Тим Лидер на IAIR Проектот
- Лидија Фајдига, IAIR Проектен координатор
- Бранко Алексовски, Виш локален не-клучен експерт во развој на програми во постсредно образование
- Александра Николова, Помлад не-клучен експерт за теренски истражувања во секторот за СОО

**Стручна редакција:**

- Наталија Кижевска – МОН
- Ардијана Исахи Палоши – ЦРСО
- Надица Костоска – МОН

Концепцијата донесена со Решение на министерот за образование и наука број 13-725/2 од 31.01. 2025 година.

## СОДРЖИНА


**ПОИМНИК** ---------------------------------------------------------------------------------------------- 4
**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ------------------------------------------------------------------------------ 6
**ВОВЕД** ---------------------------------------------------------------------------------------------------- 7
**1. ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВА КОНЦЕПЦИЈА** ---------------------------------- 8
**2. ЦЕЛИ И ОСОБЕНОСТИ НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** -------------------------- 9
2.1. Општа цел - создавање на компатибилен систем за постсредно образование -- 9
2.2. Посебни цели на постсредното образование ------------------------------------------ 10
2.3. Задачи на постсредното образование ------------------------------------------------ 17
2.4. Начела на постсредното образование ---------------------------------------------- 19
2.5. Вредности на постсредното образование ------------------------------------------- 21
**3. ПРАВНА РАМКА** ----------------------------------------------------------------------------- 22
3.1. Правни основи ------------------------------------------------------------------------------ 22
3.1.1. Домашно законодавство ---------------------------------------------------------- 22
3.1.2. Регулативи на ЕУ ----------------------------------------------------------------- 23
3.2. Педагошка документација и евиденција во постсредното образование ----------- 27
**4. СТРУКТУРА НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ------------------------------------------ 28
4.1. Образовни програми за постсредно образование -------------------------------------- 28
4.2. Рамковен наставен план за постсредно образование ----------------------------------- 31
**5. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ----------- 36
5.1. Стекнување на специјализација во постсредно образование ------------------------- 36
5.1.1. Наставни програми за специјалистичко образование---------------------------- 36
5.1.2. Модуларна структура -------------------------------------------------------------- 36
5.1.3. Резултати од учење ---------------------------------------------------------------- 37
5.1.4. Ресурси за специјалистичко образование ----------------------------------------- 37
5.1.5. Времетраење на специјалистичкото образование -------------------------------- 38
5.2. Стекнување на образование за мајстор во постсредното образование ----------- 39
5.2.1. Наставни програми за образование за мајстор ----------------------------------- 39
5.2.2. Ресурси за образование за мајстор ----------------------------------------------- 39
5.2.3. Времетраење на образованието за образование за мајстор ------------------ 40
**6. УЛОГИ И НАДЛЕЖНОСТИ ВО ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ---------------------- 40
6.1. Институции вклучени во процесот на постсредното образование ------------------ 40
6.2. Социјални партнери во постсредното образование --------------------------------------- 41
**7. ВЛЕЗ ВО ПРОГРАМИТЕ ЗА ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** ------------------------------ 42
7.1. Целни групи -------------------------------------------------------------------------------- 42
7.1.1. Влез во програми за специјалистичко образование ------------------------------ 42
7.1.2. Влез во програми за образование за мајстор ------------------------------------ 44
7.2. Критериуми за упис --------------------------------------------------------------------- 44
7.3. Процес на валидација и признавање на претходното учење ------------------------- 44
7.4. Проодност (хоризонтална и вертикална) ------------------------------------------------ 45
**8. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ** ------------------------------------------------------------ 46
8.1. Акредитација ------------------------------------------------------------------------------ 47
8.2. Мониторинг и евалуација ----------------------------------------------------------------- 48
8.3. Оценување ---------------------------------------------------------------------------------- 49
8.4. Мерење успешност на Концепцијата за постсредно образование ------------------- 49
8.5. Професионален и кариерен развој на наставниците ------------------------------------ 50
**9. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ------------------------------------- 50

## ПОИМНИК

| | |
|---|---|
| ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО И ИНФОРМАЛНО УЧЕЊЕ | Процес кој означува низа постапки во насока на идентификување, документирање и оценување на стекнатите знаења, вештини и компетенции во неформалното и информалното учење, со цел издавање на јавен документ од овластена институција во согласност со однапред дефинирани и прифатени критериуми и стандарди. Процес кој се фокусира на поединецот и неговото знаење, вештини и компетенции |
| ДИГИТАЛИЗАЦИЈА | Дигитализацијата е процес на претворање на информациите во дигитален формат |
| ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ (ЕРК) (EUROPEAN QUALIFICATIONS FRAMEWORK, EQF | Преставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и преставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите |
| ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА | Економија која резултира со подобрена човечка благосостојба и социјална еднаквост додека значително ги намалува еколошките ризици и еколошките недостатоци |
| КВАЛИФИКАЦИЈА | Формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно утврдени стандарди |
| МАЈСТОР-ЗАНАЕТЧИЈА | Висок степен на стручност, компетентност и одговорност , владеење во својата струка понудувајќи квалитетни занаетчиски производи и услуги |
| МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ (МРК) | Задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во Република Северна Македонија со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите |
| МОДУЛ | Независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од образовна програма |
| НЕФОРМАЛНО УЧЕЊЕ | Организирани активности на учење со цел унапредување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби и најчесто не води до издавање јавна исправа |
| ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | Систем на мерки усвоени на национално и/или институционално ниво со кои се потврдува дека се применети процеси и процедури заради осигурување и унапредување на квалитетот на сите аспекти на образовниот процес, на програмите и на системот на квалификации. |
| ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ | Постојан процес на вреднување (оценување, следење, одржување и подобрување) на квалитетот на образованието, установите и образовните програми. Процесот е поврзан со контрола на квалитетот |
| ПАЗАР НА ТРУД | Рамка, каде понудата и побарувачката за вработување се во динамична интеракција со понудата и побарувачката на работна сила |

| | |
|---|---|
| ДЕЛУМНА КВАЛИФИКАЦИЈА | Единици на резултатите од учење стекнати од поединец, кои се оценети и потврдени од институција според однапред дефиниран стандард . Квалификација која самостојно не ги исполнува условите за приклучување на пазарот на труд и/или континуирано образование, но само со соодветна сеопфатна квалификација, односно со една или повеќе други соодветни делумни квалификации, во согласност со стандардот на целосна (стручна или образовна) квалификација. |
| ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | Интегрален дел од системот на стручното образование кое следи по завршување на средното образование и кое обезбедува стекнување на продлабочени знаења, вештини и компетенции за работа со посложена технологија, за организирање на работата, за раководни функции на прво ниво, за менторство и за специјализирани висококвалитетни услуги |
| РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ | Изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност) |
| УСТАНОВА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА | Правно лице чија претежна/главна дејност е стручното образование и обука. Установи за стручно образование и обука се:<br>- Училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно - теоретско образование и практична обука;<br>- Регионалните центри за стручно образование;<br>- Центрите за обука во кои се реализира стручно-теоретстко образование и практична обука |
| УЧЕСНИК | Лице кое се вклучува во образовните програми за возрасни и претходно ги исполнил условите во поглед на претходното задолжително образование; како и други лица кои се образуваат, а немаат статус на ученик |
| ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ | Дејност обезбедена од страна на образовна установа или установа за обука која се спроведува според одредени одобрени програми, со цел да се унапредат знаењето вештините и компетециите за што се издава јавна исправа |

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

БРО - Биро за развој на образованието
ВНИУ - Валидација на неформално и информално учење
ДПИ – Државен просветен инспекторат
ЕУ – Европска унија
ЕРК – Европска рамка на квалификации
ЕСС - Економско-социјален совет
EQAVET (ЕКАВЕТ) – Европска референтна рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука
ECVET (ЕЦВЕТ) Европски кредит систем за стручно образование и обука
ЗКРСМ - Занаетчиска комора на Република Северна Македонија
МОН – Министерство за образование и наука
МРК - Македонска рамка на квалификации
НРК - Национална рамка на квалификации
ОК - Обезбедување на квалитет
ПСО - Постсредно образование
РЦСОО - Регионален центар за стручно образование и обука
СК - Стандард на квалификација
СКСМ - Стопанска комора на Северна Македонија
СОО - Стручно образование и обука
ССОО - Совет за стручно образование и обука
ЦОВ - Центар за образование на возрасните
ЦРСО - Центар за развој на стручното образование

**ВОВЕД**

Во генерална констелација на односи, влијанија, тенденции, трендови и пред се очекувања, како од возрасните, така и од образовните системи кои нудат поддршка, пред се системот на стручно образование и обука, поставена е една темелна, стратешка и долгорочна целисходна неопходност од обезбедување квалитет, компетенции, квалификации, мотивација, компарабилност и операционализација на знаењето што возрасните ќе го стекнат во процесот на своето постсредно образование.

Во динамична економска светска и секако, европска конотација во која економиите побаруваат применливи компетенции, флексибилни квалификации, оперативно ефикасни знаења, универзално корисни вештини, потребата од ПСО е повеќе изразена од било кога. Во тие содржински суштинско заемно поврзани односи на пазарот на трудот и расположливото работоспособно население, неопходноста од континуитет на надградувањето и збогатувањето на знаењата и личните вештини на индивидуите се поставени како императив за секое работоспособно лице кое сака активно да партиципира во процесите кои стопанството индиректно ги диктира. Потребите/неопходноста од ПСО не се фокусирани само кон поединците, туку и кон целиот систем на една држава која сака да биде во тек со динамичните процеси на движечките економии кои се огледаат и во дигитализацијата, вештачката интелигенција, зелените вештини, трансверзалноста на вештините и циркуларната економија, процеси кои одредени држави ќе ги доживеат како предизвик, додека други како закана.

Секоја држава која својата сила на предвидувања ја позиционира на долгорочен економски развој, сериозно и фокусирано е посветена кон создавање структурни и суштински предуслови и услови за континуиран позитивен раст и развој, како на сопствената економија, така и на своето население и доследно инвестира во негова професионална надградба и континуирано учење. Овде треба да се истакне дека системот на стручно образование и обука пред се, неопходно е на секој заинтересиран поединец да му овозможи континуитет во процесот на стручно усовршување, надградба на знаењата, восприемање нови квалитетни практични содржини и амбиентални услови за личен раст и кариерен развој преку процесот на доживотно учење, овозможено и преку постсредното образование.

Постсредното образование е додадената вредност на целокупното образование кое едно лице го стекнува низ својот пред се, професионален развој и овозможува директна корелација помеѓу желбите и можностите за вработување и побарувањата кои пазарот на трудот ги испорачува кон работоспособното население.

Токму затоа, оваа Концепција за ПСО во себе ги вклучи сите структурни круцијални аспекти кои се релевантни за овој вид образование, истовремено нудејќи начини, методи, алатки и пред се визија за ова образование во рамките на постоечките системи. Концепцијата дозволува и применува најнови достигнувања во областа на ниво на Европска Унија и истите ги вградува во својата содржинска конотација, истовремено ефикасно адаптирајќи го контекстот кон Македонски услови.

Концепцијата за ПСО е изработена во рамките на Проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на стручното образование и

образованието на возрасните“ (IAIR)[1]. Со донесување на новата концепција од страна на министерот за образование и наука, престанува со важност Концепција за ПСО, донесена од министерот за образование и наука бр. 07-547/2 од 01.10.2010 година. Изработката на новата концепција е резултат на активностите од Задача 3: Подобрување на системот за ПСО со ново развиени наставни програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот, од која активност произлегоа двата документи, Физибилити студијата[2] и Патоказот[3]. Како приоритетна активност од патоказот е да се ревидира или да се изработи нова Концепција за ПСО. Оперативно-координативната група на проектот, врз основа на анализата на двата документи констатираше дека треба да се направат суштински измени во постојната концепција и даде препорака да се изработи нова Концепција за ПСО.

## 1. ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВАТА КОНЦЕПЦИЈА

Потребата од донесување на нова Концепција за ПСО произлегува од определбата на нашата држава да го реформира и унапреди системот на СОО, вклучувајќи го и постсредното образование како интегрален дел од СОО, со цел да се подигне неговиот квалитет, ефикасност и ефективност за подобрување на знаењата и вештините кај учесниците во програмите за ПСО, во насока на задоволување на потребните вештини и компетенции на пазарот на трудот.

Потребата за ревидирање на постојната Концепција за ПСО беше констатирана во рамките на Твининг проектот[4] и Твининг проект[5], како и во Извештајот од анализата на состојбата на тековниот систем на постсредното образование, изработен во рамките на Проектот „Премостување на јазот кај вештините за создавање нови работни места“[6], поддржан од УНДП.

Донесување нова концепција произлегува и од фактот дека актуелната концепција е донесена пред донесување на Законот за Националната рамка на квалификации и голем дел од содржината на концепцијата не е усогласена со законските регулативи за НРК. Постои неусогласеност меѓу специјалистичките и мајсторските квалификации на VБ ниво, што го отежнува препознавањето на одредени типови на квалификации во ПСО.

Во изминатиот период се направија крупни реформи на сите нивоа на стручно образование, освен во постсредното образование. Постојните програми за ПСО се постари од три децении, со исклучок на неколку програми, изработени според стандарди на занимања и на квалификации, обрасците и концепцијата за модернизација на техничкото образование.

---

[1] Increasing Attractiveness, Inclusiveness and Relevance of VET and Adult Education EuropeAid/140265/IH/ SER/MK, The European Union IPAII 2017 Programme

[2] Физибилити студија за потенцијалните капацитети на давателите на постсредно СОО

[3] Патоказ за подобрување на системот за ПСО

[4] Твининг проект финансиран од ЕУ: “Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации “МК 13 IPA SO 0215 *(МК 13 IB SO 02)*

[5] Краткиот Твининг проект финансиран од ЕУ: Подршка на модернизацијата за постсредно образоавние“ (МК 13 IPA SO 01 15 TWL)

[6] Извештај од анализата на состојбата на тековниот систем на постсредното образование | United Nations Development Programme (undp.org)

Резултатите на физибилити студијата[7] покажаа дека треба да се направат повеќе интервенции во системот на постсредното образование за да може да се одговори на брзиот техничко-технолошки развој и честите промени на пазарот на трудот. Од друга страна, резултатите покажаа дека работодавачите не се доволно запознаени со квалификациите на VБ ниво од МРК бидејќи отсуствува промоција на квалификациите од ова ниво. Затоа е потребно да се објасни нивната позиција и да се запознаат работодавачите со придобивките од нив, со што би се осигурала поголема побарувачка за овие квалификации.

Во патоказот[8] како втор документ кој беше изработен во рамките на IAIR Проектот, како прва, а воедно приоритетна активност е да се дефинираат концептуални насоки за развој и имплементација на системот за ПСО и за воведување нови програми.

Определбата на нашата држава да биде членка на Европската Унија и воедно да овозможи слободен проток и мобилност на сите заинтересирани лица, стекнување нови знаења, размена на искуства и пренесување на најдобрите практики од државите-членки на ЕУ, исто така е, уште една потреба за донесување нова Концепција.

Во процесот на создавање на ваков структурен документ, експертите ги земаа предвид најновите трендови и тенденции во областите кои се фокус на релевантните институции на ЕУ, вештачката интелигенција, дигиталните вештини, зелените вештини, циркуларната економија и одржливиот развој, како сегменти во севкупниот општествено-економски развој.

## 2. ЦЕЛИ И ОСОБЕНОСТИ НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### 2.1. Општа цел - создавање компатибилен систем за постсредно образование

Развивањето компатибилен систем за постсредно образование подразбира создавање услови и средина што го олеснува учењето, ги поддржува учесниците, ги задоволува потребите на целната популација, а е во согласност со изразените потреби на пазарот на трудот.

Главната цел на овој документ е обезбедување концизен и сеопфатен преглед на состојбите во системот на постсредно образование, нудејќи основа за понатамошен развој и за осовременување на процесите, идентификување на предизвиците и нивно надминување.

Овој дел од системот на образование подразбира создавање ефикасен, флексибилен и инклузивен процес за операционализација на принципите на кои се заснова, кои е неопходно да имаат развојна димензија и да ги земат предвид следниве сегменти:

- Анализирање на потребите на учесниците и на образовните институции во ПСО во Република Северна Македонија.
- Развивање квалитетни образовни содржини за различни видови учење.

---

[7] Студија за оправданост за идентификуваните потреби и постојните и потенцијалните капацитети на даватели на постсредно стручно образование и обука, изработена во рамките на Проектот „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието на возрасни"

[8] Патоказ за подобрување на системот за постсредно образование

- Примена на модерна образовна технологија.
- Поврзување со „Клучните компетенции” дефинирани во ОЕЦД, вклучително и клучните компетенции во контекст на доживотно учење, дефинирани во препораките на Советот на Европа.
- Обезбедување квалитет во ПСО.
- Препознавање  на претходното стекнато знаење и учење.
- Развивање на Стратегија за промовирање на ПСО и на придобивките од овој вид образование, со цел зголемување на опфатот на учесници.
- Континуирано подобрување и навремено ажурирање на наставните програми.

Оттука, доследно ефикасно, квалитетно и иновативно стекнување компетенции, знаења, вештини и квалификации, претставува предизвик, одговорност, но истовремено и обврска на системот на СОО, бидејќи создавањето квалификувана работна сила, подготвена и оспособена со современи и квалитетни содржински концепти и методи на стекнување компетенции е инвестиција за иднината на стопанството и државата.

Бидејќи процесот на стручно образование, во тој контекст и ПСО, е во директна корелација со стопанството/економијата, создавањето ефикасен систем за ПСО мора да биде компатибилен, како со потребите на домашното стопанство, така и со тенденциите кон кои стреми  домашната, регионалната, европската и светската индустрија. Создавањето компатибилен систем во својата структура мора да ги почитува постулатите на: флексибилност, сеопфатност и ефективност.

Компатибилноста во смисла на оваа Концепција подразбира дека системот на ПСО во себе ќе ги сумира најновите трендови во секторите кои реферираат кон системот кој е воспоставен во државите членки на ЕУ, почитувајќи ги насоките од Оснабрик Декларацијата, Препораките на Советот на Европа и сл. Секако, компатибилноста на системот за ПСО го препознава доживотното учење како интегрален сегмент на СОО со потенцирање на квалитативните аспекти „знам, можам, умеам”.

## 2.2. Посебни цели на постсредното образование

Целите и очекуваните резултати од Концепцијата за постсредно образование ќе варираат во зависност од специфичните процеси и фокусот на нејзиниот содржински контекст. Во насока на дефинирање на посебните цели во предвид се земени резултатите, очекувањата, целната популација, ефектите и одржливоста на процесот.

Оттука, Концепцијата како посебни цели ги поставува:

- Решавање на образовните „празнини“ преку анализа, идентификување, предвидување и справување со конкретните празнини, недоречености или предизвици во тековниот систем на постсредно образование. Очекувани резултати: Подобрен пристап, квалитет или релевантност на образованието како одговор на идентификуваните потреби од страна на стопанството.
- Обезбедување препознатливост на квалификациите од постсредното образование од страна на работодавачите и поголеми побарувања за нивно вработување. Очекувани резултати: Зголемена препознатливост на

квалификациите од VБ нивото од НРК и зголемена побарувачка на тие квалификации од страна на работодавачите.

- Подобрување на вештините и вработливоста на целната популација, која ќе се стреми кон збогатување на учесниците со вештини и знаења потребни за пазарот на труд. Очекувани резултати: Зголемена вработливост и усогласување на образованието со барањата на економијата.
- Промовирање на иновациите и технолошката интеграција т.е. интегрирање на иновативни наставни методи и технологија во постсредното образование. Очекувани резултати: Подобрени и поквалитетни искуства од учењето, технолошка писменост и приспособливост кај учесниците.
- Создавање партнерства и поттикнување соработка меѓу образовните институции, акредитираните установи, компаниите и другите засегнати страни. Очекувани резултати: Посилни партнерства, развој на двете страни (образованието и економијата), споделување експертиза и ресурси, холистички пристап кон образованието и сл.
- Зголемување и подобрување на пристапноста и инклузивноста на ПСО за недоволно застапените групи, лицата со попреченост, „исклучените лица“ и др. Очекувани резултати: Зголемување на процентот на запишување на лица од различно социо-економско потекло и психо-социјално развојно минато, поттикнување инклузивност и еднакви можности.
- Зајакнување на капацитетите на локалните самоуправи, бидејќи постсредното образование ќе биде во улога на алатка/механизам за развој и зајакнување на заедницата. Очекувани резултати: Зајакнати врски во заедницата, градење локални капацитети, развој на локално ниво, нови вработувања и позитивни социо-економски влијанија.
- Доживотно учење и промовирање на култура на континуирано учење, надвор и по завршување на формалното образование. Очекувани резултати: Континуиран професионален раст и развој на индивидуата.
- Обезбедување квалитет со воспоставување и одржување висококвалитетни образовни стандарди. Очекувани резултати: Имплементација на ефективни системи за мониторинг и евалуација, обезбедувајќи континуирано подобрување на процесот на учење.
- Зајакнување на капацитетите на образовните институции за обезбедување квалитетно ПСО.
- Подобрување на конкурентноста и поттикнување на иновативноста со цел, стекнување соодветни вештини, кои придонесуваат за економски развој на локално, регионално и државно ниво. Оваа цел е во корелација со националните развојни проекции за економски раст и развој, обезбедување расположлив квалификуван човечки потенцијал и следење на европските и светски трендови.
- Поттикнување и поддршка на процеси за развивање на вештачка интелигенција, дигиталните вештини, циркуларната економија и зелените вештини, одржливиот развој и преку иновативни програми за ПСО.

**Подобрување и зајакнување на капацитетите на системот**

За ефикасна имплементација на програмите за постсредно образование, обезбедување квалитет, вештини и знаења на вклучените лица, неопходно е да бидат обезбедени системски, технички и ресурсни предуслови.

Подобрувањето и зајакнувањето на капацитетите на системот на постсредно образование може да се постигне преку различни мерки и конкретни активности од кои поважни се:

- Ревидирање на наставата и програмите, препознавање на потребата од нови квалификации на локално и регионално ниво, инвестирање во капацитетите на наставниот кадар, согласно со тековните потреби на пазарот на трудот и со научните и технолошките напредоци.
- Стимулирање на истражувачката работа: постсредното образование треба да го поттикнува развојот на истражувачки вештини и лични капацитети.
- Поттикнување меѓународна соработка: Институционалната соработка со образовни институции и организации од други држави кои овозможуваат примена на најдобри практики, искуства и знаења, влијае на зголемување на капацитетите на системот на ПСО.
- Промоција на квалитетот и акредитација: За да се подобри квалитетот на постсредно образование, системот треба да има механизми за проценка и акредитација на образовните институции, установите и верификација на наставните програми.
- Финансиска поддршка и стипендии: Финансиската поддршка за учесниците и различни видови стипендии за одлични постигнувања може да ги поттикне лицата да ги збогатуваат и развиваат своите компетенции во смисла на преквалификација и доквалификација со што индиректно ги подобруваат своите лични перформанси.
- Евалуација и непрекинато подобрување: Редовната евалуација на системот на постсредно образование и неговите програми е важна за идентификување на слабостите и можностите за подобрување. Информациите треба да се искористат за да се преземат соодветни мерки за унапредување на процесот на учење.

Генерално, постсредното образование треба да претставува трансформативно искуство кое не само што ги подобрува знаењата и обезбедува нови вештини, туку поттикнува личен и професионален развој.

**Подобрување на процесот на стекнување компетенции неопходни на пазарот на трудот**

Најновите трендови и тенденции во однос на техничко-технолошкиот развој, брзите процеси на усвојување нови технологии во производството, иновациите и иновативните методи, неопходноста од навремено, ефикасно и ефективно подобрување на перформансите на работната сила, ја наметнуваат потребата од симбиоза и синергија меѓу системите кои обезбедуваат поддршка и процесите кои произведуваат материјални добра.

Спроведувањето различни педагошки пристапи, вклучувајќи предавања, дискусии, учење преку работа, учење базирано на проекти и искуствено учење од една и технолошката интеграција од друга страна овозможена преку користење образовна технологија со вклучување системи за управување со учење (LMS), виртуелни училници и он-лајн ресурси обезбедуваат сигурност во процесот на стекнување релевантни компетенции неопходни за пазарот на трудот. Затоа, неопходно е инвестирање во професионалниот развој на наставниот кадар, во опрема и технички помагала за ефективно предавање и секако во поддршката на учесниците преку советување, менторство, услуги за кариера и др.

Флексибилноста е една од компонентите на овој процес и се постигнува со дизајнирање прилагодлив и еластичен систем на ПСО со цел да се приспособи на потребите на учесниците и на новите техничко-технолошки развојни процеси.

Развивањето компатибилен систем за ПСО е континуиран процес кој поттикнува соработка, приспособливост и посветеност за обезбедување висококвалитетно образовно искуство за учесниците и напредок за државата.

**Понуда на квалификации**

Економијата на една држава е толку силна, колку што има на располагање силна, квалификувана и мобилна работна сила за да ги спроведе ефективно и стручно сите технолошки процеси. Постсредното образование е системот кој директно ја намалува разликата помеѓу барањата на компаниите и вештините на работниците овозможувајќи поголема понуда на квалификации. Во тој контекст постсредното образование:

- Обезбедува специјализирани програми кои овозможуваат учесниците да стекнат специфични вештини и знаења, креативност, комуникациски вештини и тимска работа, лидерство, управување со време, дигитална писменост и технолошко владеење.
- Овозможува пошироки знаења, ги изложува учесниците на различни области на знаење и ги збогатува со пошироки и глобални перспективи.
- Развива критичко размислување и овозможува аналитички вештини и способности за решавање проблеми.
- Развива меки вештини, неопходни за успехот на работењето и напредувањето во кариера.
- Стимулира учесници да продолжат со континуирано учење и да ги надградат своите квалификации во текот на целата кариера.

ПСО овозможува поголема понуда на квалификации и ги подготвува учесниците за успешна и разновидна кариера која на директен начин партиципира во економскиот развој, поради тоа што привлекува бизниси и индустрии кои бараат квалификувана работна сила, иновации и конкурентност.

**Препознатливост и побарување на квалификациите**

Развојот и унапредувањето на постсредното образование е тесно поврзана со препознатливоста и побарувањата на квалификациите од VБ ниво од МРК, од страна на работодавачите. Во периодот на изработка на Концепцијата за постсредно образование нема голем интерес за влез на учесници во програмите за постсредно

образование бидејќи мал број на училишта и други даватели на постсредно образование се заинтересирани за воведување на програми за овие квалификации, а од друга страна, мал број на компании побаруваат стручен кадар со тој вид на квалификации. Согласно податоците од Физибилити студијата, во учебната 2020/21 биле вклучени 439 учесници, во учебната 2021/22 вкупно 462 учесници, а до прво полугодие од 2022/23 година биле вклучени вкупно 125 учесници, или во трите учебни години биле вклучени вкупно 1026 учесници во 19 училишта и два регионални центри за СОО. Како главни причини за малиот интерес за запишување во програмите за постсредно образование се наведува слабиот интерес на потенцијалните учесници за програмите за постсредно образование, недостаток на информации за програмите и слаба побарувачка на компаниите за тој вид на квалификации.

Во истата студија, а врз основа на резултатите од интервјуата со коморите и организациите на работодавачи, како главна причина за малиот интерес на работодавачите за овој вид на квалификации наведуваат дека недостасува промоција на квалификациите, не се запознаени со квалификации на VБ ниво од МРК и не ги знаат придобивките од тие квалификации.

За надминување на состојбата, а со цел да се зголеми интересот на учесниците да се запишуваат во програмите за постсредно образование од една страна и да се зголеми препознатливоста на квалификациите и нивно побарување од страна на работодавачите, треба да се зајакне информираноста за понудата и придобивките од квалификациите на VБ ниво. За тоа е потребно да се воспостави траен дијалог меѓу давателите на постсредно образование и работодавачите, обезбедување на релевантни информации за актуелните потреби на пазарот на трудот и обезбедување учество на компаниите во системот за постсредно образование преку:

- јакнење на силно партнерство меѓу компаниите и давателите на програми за ПСО;
- вклучување на докажани експерти од компании во изработка на програмите за постсредно образование
- редовни консултации помеѓу давателите на ПСО и претставниците на индустријата, и редовно ажурирање на програмите;
- обезбедување на учење базирано на работа и искуствено учење и валидација на неформалното и информалното учење;
- учество на компаниите и давателите на програми за ПСО во истражување и развој за потребите на индустријата;
- воспоставување систем за следење на перформансите на програмите за ПСО: следење на завршени учесници и учесници кои се вработиле во компаниите откако ги завршиле програмите за ПСО.

**Вработливост и мобилност**

Постсредно образование игра значајна улога во зголемување на вработливоста и мобилноста на индивидуите, бидејќи во рамките на овој вид образование, заинтересираните учесници се стекнуваат со специјализирано знаење и вештини, предуслов кој значително ги подобрува можностите за вработување и напредување во кариерата.

Овој вид на образование подразбира можност за практична работа која овозможува учесниците да стекнат реално работно искуство во компании, што им помага да ги изразат своите вештини директно пред работодавачите. Исто така, овде

постои можност за вмрежување и зголемување на можностите за професионални контакти, флексибилност и мобилност кои овозможуваат учесникот да биде подготвен за работа во различни региони или пак држави, доколку постојат подобри услови или поголеми можности.

Квалитетно ПСО е сигурен показател за применливи квалификации, бидејќи обезбедува можности за развој на вештини, повисоко ниво на компетенции, специјализирани знаења, директно применливи, со демонстрирање највисока професионалност во непосредното стручно работење во одредена област со што на учесниците им нуди можност да се подготват за успешни кариери и да ги зголемат своите можности за вработување, самовработување и мобилност во работниот свет. Затоа, инвестирањето во ПСО може да биде вредна стратегија за поединците кои сакаат да ги подобрат своите можности за работа и да ја подобрат својата мобилност во кариерата.

**Економски развој**

Создавањето одржлив компетитивен систем од кој ќе имаат придобивки сите засегнати страни (учесниците, наставниот кадар, компаниите, општеството), мора во себе да ја инкорпорира крајната цел на ПСО препознаена во обезбедување одржлив позитивен економски развој. Овде треба да се предвиди круцијалната улога на компаниите, во насока на препознавање на потребите, нивното адресирање, учество во процесот на создавање програмски документи и создавање наставни програми. Во овој контекст, важна е поддршката што ја добива системот од моделот на дуално образование, што подразбира дека сите учесници треба да изведуваат практично образование во компании, центри за обука и сл.

ПСО придонесува кон економскиот напредок, бидејќи обезбедува висок квалитет на работна сила која е подготвена за специфични и напредни работни позиции, која може да развие критичко размислување и да придонесе за воспоставување нови идеи и технологии.

Со овој вид на образование се стекнуваат знаења за управување со бизнис и инвестиции, што ги подобрува можностите за успешно претприемништво и создавање нови компании.

Со тоа што ги подготвува поединците во насока на создавање високо квалификуван кадар за различни аспекти на економијата, ПСО го подобрува капацитетот на државата за инвестирање, иновирање и конкурирање на светскиот пазар. Затоа, инвестирањето во ПСО е од суштинско значење за поддршка на економскиот развој, бидејќи е инвестирање во човечки капитал како додадена вредност и зголемена конкурентност на пазарот на трудот, подобар животен стандард, поголеми даночни приходи и економски раст.

**Намалување на невработеноста**

Пазарот на трудот е динамичен и променлив, многу често бара дигитални вештини и специфични знаења, а ПСО е системот кој обезбедува континуирано учење, надградување и пред се, ажурирање на личните вештини и знаења, што ги прави овие лица подготвени за предизвиците на современиот пазар на трудот.

ПСО ја намалува конкуренцијата, бидејќи квалификациите кои овде се стекнуваат сé на ниво повисоко од квалификациите на II, III и IV ниво според НРК, со што се придонесува кон економска диверзификација и иновации. Додадена вредност на ПСО е што овозможува пристап до специјализирани работни места, вредност која не може да се стекне со формалното две, три и четиригодишно стручно образование.

Иако ПСО може да помогне во намалувањето на невработеноста, важно е исто така да се земат предвид и други аспекти кои ја овозможуваат вработливоста, а се однесуваат на локалната и/или регионалната економска состојба и потребата од работни места во конкретниот регион, избраната квалификација, квалитетот на добиеното образование, владините политики и условите на локалниот пазар на труд. Затоа, неопходно е да се врши усогласување и приспособување на наставните програми кај акредитираните понудувачи на програмите за ПСО со потребите на пазарот на трудот за да се создаде позитивно усогласување на понудата и побарувачката од вештини.

**Поттикнување регионален и локален развој**

Во насока на овозможување и поттикнување регионален и локален развој, неопходно е пред сѐ, да се инвестира во квалитетно и релевантно ПСО, да се обезбедат финансиски средства и ресурси и да се поддржува соработката помеѓу акредитираните установи, компаниите и владините институции во регионот. Во контекст на афирмативните процеси, ПСО може значително да го поттикне регионалниот и локалниот развој на неколку начини:

- Овозможува услови за создавање квалитетна квалификувана работна сила, бидејќи постсредното образование обезбедува квалификувани работници и професионалци со високи и специфични вештини и квалификации во различни области, кои можат да ги задоволат потребите на локалните компании и индустрии. Ова може да го зголеми и подобри производството и конкурентноста на регионот.
- Поттикнува создавање истражувачки и иновативни центри, што може да го забрза развојот на нови технологии и иновации во регионот, процес кој индиректно учествува во создавањето нови можности за работни места и раст на економијата.
- Привлекува инвестиции и го подобрува локалниот развој во регионите со квалификувани работници и образовани луѓе кои се поадекватни за инвеститорите, бидејќи се обезбедува потенцијал за одличниот кадар и раст на бизнисите.
- Поддржува и промовира претприемништво преку обуки за создавање нови претприемачи и дава поддршка во создавањето и управувањето со лични бизниси во насока на развој на микро, мали и средни компании во регионите.
- Зајакнува процеси кои индиректно водат кон подобрување на инфраструктурата и услугите (инфраструктура за образование, здравство, стопански капацитети, патна инфраструктура и сл.), бидејќи зголемениот потребен капацитет на квалификувани работници и иновативни проекти може да стимулира инвестиции во инфраструктура и услуги во регионот.

За да се овозможи операционализација на сите новитети, иницијативи, прогресивни идеи, како и реализација на човечкиот потенцијал, важно е да се поддржува соработката помеѓу образовните институции, општините и стопанството и да се направи корелација со генералните владини политики за конкретните региони. Во таа насока, за да се максимизира влијанието на постсредното образование врз регионалниот и локалниот развој, треба да се обезбеди пристапност до програмите за ПСО, со што поголем опсег на популација.

**Извонредност во постсредното образование**

Извонредноста во стручното образование и обука игра суштинска улога во надминувањето на јазот меѓу стекнатите вештини и потребите на пазарот на трудот, намалувањето на невработеноста и промоција на социјалната мобилност.

Во време на брзи технолошки промени, ПСО преку иновации и економски развој, обезбедување висококвалитетна обука, знаење и развој на вештини од потесна област на специјализација во одреден сектор, се стреми кон извонредност. Така, со промовирање на извонредноста ПСО може да биде катализатор на локалните бизниси, како и поддршка за зелената и дигиталната транзиција во насока на одржлив развој[9].

Извонредноста во ПСО главно би се постигнала преку:

- обезбедување атрактивни, флексибилни програми, современа технологија и брз пристап за вработување (континуирана доквалификација и преквалификација) и продолжување на образованието;
- користење современии иновативни практики на подучување, индивидуален начини на учење и обука со експерти во областа (домашни и меѓународни);
- поголемо вклучување и соработка со бизнис секторот со што понудувачите на ПСО може да станат водечка сила за континуирано унапредување на стручното образование и обука;
- учество во национални и меѓународни натпревари за вештини и сл.

## 2.3. Задачи на постсредното образование

Задачите на постсредното образование може да варираат во зависност од специфичните цели и приоритети на системот на образование во Република Северна Македонија. Во таа насока, постсредното образование има неколку основни задачи:

- прилагодување кон новите потреби и технологии: постсредното образование треба да биде флексибилно и да се прилагодува на промените и потребите на пазарот на трудот и технолошкиот напредок. Ова подразбира образование за нови вештини и знаења што се потребни за современите работни позиции;
- подигнување квалитет на работната сила: со постсредното образование се подобрува квалитетот на работната сила преку обука и стекнување на квалификации и вештини на повисоко ниво. Ова помага во подобрување на производството и конкурентноста на работниците и компаниите;

[9] COUNCIL RECOMMENDATION of 24 November 2020 on vocational education and training (VET) for sustainable competitiveness, social fairness and resilience

- подготвување за специфични професии: постсредното образование им овозможува на заинтересираните учесници да се специјализираат во одредена професија или област, за одредена кариера со опфат на предизвиците и обврските поврзани со неа;
- обезбедување доживотно учење: една од задачите на ПСО да овозможи учесниците и вработените лица да го продолжат учењето и да го надградат своето образование и искуство преку обуки за специјалисти и мајстори;
- развивање критичко размислување и решавање на проблеми: ПСО влијае во подобрување на вештините за критичко размислување, креативноста, иновативноста и способностите за решавање проблеми на учесниците и заинтересираните лица, што се важни во сите области на професионалното работење;
- подобрување на личната благосостојба: преку содржинскиот контекст, ПСО ја подобрува благосостојбата на учесниците, бидејќи тоа ги збогатува знаењата и животните вештини на заинтересираните, им дава можност да го подобрат нивниот живот и општествените контексти во кои се вклучени.

Специфичните задачи зависат од целите и потребите на образовниот систем и на економијата. Специфичните задачи вклучуваат:

- задоволување на потребите на пазарот на трудот: треба да обезбеди квалификувана работна сила која одговара на потребите и барањата на локалниот и регионалниот пазар на трудот;
- обезбедување специфични вештини или професии, како и дигитални, трансферзални и сл. компетенции во различни сектори, како на пример информатика, инженерство, медицина, итн.;
- подигнување на нивото на образование: подобрување на квалитетот на образованието и подигнување на нивото на образование во одредена област (сектор);
- подржување подготовка за кариера во конкретна област (сектор);
- поддржување подготовка за кариера со вклучување на практични работни искуства и стажирања;
- обезбедување флексибилност и приспособливост: може да ги подготви учесниците да бидат приспособливи на промените и условите на образованието (дигитални алатки, вештачка интелигенција) и пазарот на трудот;
- поддржување внатрешната и меѓународна мобилност: во постсредното образование можат да се изработуваат наставни програми кои ќе бидат дизајнирани да го поддржат движењето на работната сила, како и подготовка за работа во меѓународни проекти;
- поттикнување на зголемувањето на стапките на упис и подобрување на квалитетот на образованието, а исто така, интервенира во решавање на посебните недостатоци во вештините на пазарот на трудот;
- дизајнирање наставни програми, согласно идентификуваните цели и потреби на пазарот на трудот;
- зајакнување на информираноста на работодавачите за квалификациите на VБ ниво за да се запознаат со придобивките и да се осигура поголема побарувачка од овие квалификации;

- обезбедување квалитет и одржување на висококвалитетно образование е клучна задача, бидејќи концепцијата е важен документ во процесот на поставување стандарди за квалификации на институциите/установите, содржина на наставната програма, методологии на настава и методи за оценување;
- усогласување со националните развојни цели при што, јасно е артикулирано зошто и на кој начин, постсредното образование ги поддржува и придонесува за поширокитe национални развојни цели и приоритети на државата.

За да се исполнат специфичните задачи на оваа Концепцијата треба да се земат предвид локалните и регионалните потреби и цели, како и ресурсите и можностите на образовниот систем.

### 2.4. Начела на постсредното образование

**Квалитет**

Квалитетот како начело и императив во постсредното образование ги вклучува постапките за ефикасно воведување на квалификациите, реализација на образовниот процес, вреднувањето на стекнатите компетенции и успешното користење на квалификациите за лични, општествени и професионални потреби.

**Сеопфатност/инклузивност**

Постсредното образование се развива врз основа на начелото за сеопфатност/инклузивност што подразбира институционално, кадровско и содржинско структурирање и организирање, кое овозможува вклучување на СИТЕ, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование.

Принципот на инклузивност во современото ПСО подразбира пресретнување и соодветно одговарање на системот на различните индивидуални образовни потреби на поединецот, како обврска на државата да обезбеди инклузивно и правично квалитетно образование и доживотно учење за сите.

**Флексибилност**

Постсредното образование е конципирано на начин кој им овозможува на поединците стекнување исти квалификации по различен пат, без разлика на претходно стекнатото образование и им обезбедува хоризонтална и вертикална проодност и доживотно учење.

Тоа подразбира негова зголемена флексибилност и приспособливост кон честите и брзи промени на пазарот на трудот, отвореност на наставните планови и програми за нивно изменување и дополнување, внесување нови модули за нови знаења, вештини и занимања, со цел подобрување на квалитетот и продуктивноста, во согласност со потребите и промените на пазарот на трудот.

**Транспарентност**

Постсредното образование се води од начелото за транспарентност, кое имплицира процесите, критериумите и резултатите да бидат јасни и достапни за сите засегнати страни и да промовираат доверба и отчетност.

Транспарентноста подразбира јасно изразена структура на наставните планови и програми/модули, можност за нивна реализација, како и видот на дипломи/ сертификати за нивна препознатливост на пазарот на трудот.

Процесот на обезбедување транспарентност на постсредното образование се одвива правопропорционално со зголемувањето на бројот на стандарди на квалификации за ПСО во регистарот на стандарди на квалификации, како јавно достапни релевантни информации.

**Ефективност**

Стекнатите знаења и вештини мора веднаш да бидат оперативни (применливи) и да бидат препознаени и признати на пазарот на трудот како неопходни и целисходни во производствениот/услужниот процес.

**Доживотно учење**

Доживотното учење како концепт кој е проткаен низ сите потсистеми за образование и обука, се фокусира на обезбедување можности за континуирано и непречено образование и обука во текот на целиот живот, што придонесува за развивање свесност кај граѓаните за активно учество во општеството, базирано на знаење.

Начелото за доживотно учење е интегрирано во процесите на настава и учење, со што се поттикнува интерес за секојдневно стекнување на знаење кое пак влијае на стекнувањето на компетенции на луѓето, во насока на доживотното учење.

**Колаборативен пристап**

Успешноста на постсредното образование во голема мера зависи од развивање и негување на колаборативниот пристап на сите чинители којшто придонесува за вградување различни перспективи во целиот процес. Колаборативниот пристап во постсредното образование подразбира континуирана соработка во сите фази на креирање на образовната понуда, вклучително и во развивањето и модернизирањето на наставните и испитните програми, во реализацијата на образовниот процес и стекнувањето стручни компетенции, во професионалниот развој на наставниот кадар, како и во креирањето полесен пристап на кандидатите до работно место.

**Законитост**

ПСО се развива врз основа на начелото за законитост во сите негови сегменти, преку имплементирање на важечката законска регулатива и подзаконските акти со кои се уредуваат различни аспекти на постсредното образование, а во согласност со

ратификуваните меѓународни договори и согласно Уставот на Република Северна Македонија.

## 2.5. Вредности на постсредното образование

### Одржливост на животната средина

Заради обезбедување услови за заштита и унапредување на животната средина, остварување на правото на граѓаните за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации. Покрај задоволување на сопствените потреби, постсредното образование придонесува за подигање на еколошката свест, рационално и одржливо користење на природните ресурси, како и заштита на биолошката разновидност (биодиверзитет).

### Родова еднаквост

Постсредното образование поттикнува намалување на родовите стереотипи и на нив, заснованата родова нееднаквост, дискриминација и насилство, а истовремено, им овозможува на учесниците развој во согласност со нивните автентични желби, способности и интереси.

За да овозможи родова рамноправност, постсредното образование користи пристап кој е родово сензитивен, поттикнува вклучување на родовата перспектива при запишувањето на учесниците во образовниот процес и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост.

### Нулта толеранција кон дискриминација

Постсредното образование поттикнува примена на принципот еднаквост, спречување и заштита од секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување дискриминација, како и помагање во дискриминаторско постапување по основ на: раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор, ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правото на образование.

Заштитата од дискриминација во сите сегменти на постсредното образование се обезбедува согласно прописите од областа на спречување и заштита од дискриминација.

## 3. ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за постсредно образование во Република Северна Македонија е утврдена преку националниот правен систем, кој го регулира целокупниот образовен процес. Овој систем обезбедува основа за функционирање на постсредното образование, гарантирајќи правна сигурност и заштита на правата на сите учесници, вклучувајќи ученици, наставен кадар и образовни институции.

Стратегијата за образование 2018-2025 година ги поставува клучните приоритети за усогласување на стручното образование со потребите на пазарот на трудот, подобрување на квалитетот и зголемување на опфатот во стручното образование.

Во оваа рамка, потребно е усогласување со националните закони (какви што се Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, Законот за просветната инспекција и Законот за инспекциски надзор) и со европските и меѓународни стандарди за образование.

### 3.1. Правни основи

Правото на образование во Република Северна Македонија е загарантирано со Уставот, кој во Член 44 потврдува дека секој граѓанин има право на образование, а државата е одговорна да го обезбеди тоа право. Постсредното образование е формално образование и е насочено кон задоволување на потребите на пазарот на трудот. Лицата кои го завршуваат постсредното образование се здобиваат со диплома која потврдува дека се квалификувани да одговорат на потребите на соодветниот сектор на пазарот на трудот.

За учество во постсредното образование, кандидатите мора да ги исполнуваат законските услови, како и специфичните услови утврдени за секоја програма. Целта на правната рамка е да осигури транспарентност, квалитет и правна сигурност, како и усогласување со европските и меѓународни стандарди.

#### 3.1.1. Домашно законодавство

Постсредното образование е уредено со нов Закон за стручно образование и обука, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 03/25). Исто така за него се важни и одредбите од други закони:

- Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 03/25);
- Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010,

116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 229/2020);

- Закон за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 03/2025);
- Закон за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2006; 142/2008; 148/2009; 69/2013; 120/2013; 148/2013; 41/2014; 30/2016 и 64/2018);
- Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2011; 41/2014; 145/2015; 55/2016; 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/2024);
- Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015); 30/2016; 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.03/2025) и
- Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21).

Од постојната законска регулатива, неколку од горенаведените закони се нови и со донесување на квалитетни подзаконски акти, ќе се отвори патот за поуспешна реализација на постсредното образование и обука.

### 3.1.2. Регулативи на ЕУ

**Стандардизација на системот согласно ЕУ препораки кои се однесуваат на постсредното образование**

Стандардизацијата на системот за ПСО согласно со препораките на Европска унија, кои се однесуваат на стручното образование, е важен аспект за обезбедување квалитетно и компаративно образование за државите, кандидати за членство во ЕУ кои сакаат да го применат овој стандард. Европските препораки и стандарди се разработуваат со цел да се обезбеди висок стандард на образование, да се зголеми мобилноста на учесниците и работниците и да се подобри соработката меѓу државите во областа на образованието.

Еден од најважните документи поврзани со стандардизацијата на образованието во ЕУ е Европската (референтна) рамка на квалификации и Европскиот кредитен систем (ECVET) за пренос на образовни кредити. ЕРК поставува стандарди и насоки за обезбедување квалитет, истовремено промовирајќи и култура на квалитет во постсредното образование со цел да се овозможи компаративност на квалификациите и дипломите меѓу различните држави, додека ECVET (ЕКССОО) го обезбедува стандардизираниот начин за мерење и пренос на образовни кредити. ЕКССОО (ECVET) е кредитен систем, дизајниран да го стандардизира мерењето и преносот на резултатите од учењето и обемот на работа помеѓу образовните институции.

За да се стандардизира системот за ПСО согласно со ЕУ препораките, оваа Концепција ги презема следните чекори:

- Промовира и овозможува хармонизација на образовните програми: Македонскиот образовен систем ги хармонизира образовните програми со Европската рамка на квалификации и ги воведе ECVET (ЕКССОО) кредитите како начин за мерење и пренос на образовните поени. Ова ќе ја олесни мобилноста на учесниците и дипломите (квалификации) меѓу земјите.
- Поттикнува инвестиции во образованието: За да се стандардизира образованието, потребно е да се инвестира во квалитетна инфраструктура и образовни ресурси.
- Поттикнува поддршка за наставниот кадар: Наставниците треба да се обучуваат и поддржуваат во воведувањето на стандардизираните методи и пристапи во образованието.
- Поттикнува евалуација и мониторинг: За да се обезбеди квалитет на постсредното образование, треба да се воведе систем за евалуација и мониторинг на образовните излезни резултати и процесите во спроведувањето на наставните планови и програми.
- Поттикнува соработка со ЕУ: Државата треба да ги следи и применува сите релевантни препораки и стандарди кои ги донесува ЕУ во областа на образованието.

Во овој контекст, ЕУ издала различни препораки и документи во однос на системот за ПСО со цел да го подобри и стандардизира образованието. Некои од најважните препораки, иницијативи и документи кои Концепцијата ги вклучува се:

- Европската рамка на квалификации (EQF): Систем на ЕУ кој ги стандардизира образовните квалификации и дипломи на осум нивоа, претставувајќи ги со општи описи за секое ниво, овозможува компаративност и преносливост на квалификациите меѓу државите.
- Препораки за структурите и организацијата на постсредното образование: Европската Комисија има издадено различни препораки за структурите и организацијата на постсредното образование, вклучувајќи ги и областите и структурите на квалификациите и сл.
- Директива за признавање на професионални квалификации: Оваа директива обезбедува признавање на професионалните квалификации стекнати во една земја-членка на ЕУ во други земји-членки. Тоа е од суштинско значење за програмите за ПСО кои водат до регулирани професии.
- Европска област за истражување (ЕРА/ЕОИ): Иако е примарно фокусирана на истражување, ЕОИ поттикнува соработка и мобилност меѓу истражувачите и давателите на ПСО.
- Програма Хоризонт Европа: Оваа програма за истражување и иновации на ЕУ обезбедува финансирање и можности за понудувачи на образовни услуги на ПСО да се вклучат во истражувачки и иновативни проекти. Овие регулативи и иницијативи се дизајнирани да создадат по кохезивен и стандардизиран систем на постсредно и високо образование во Европската Унија, овозможувајќи им на учесниците да учат и да работат во различни земји-членки на ЕУ со поголема леснотија.

Овие препораки и стандарди им помагаат на државите да го стандардизираат и хармонизираат својот систем за ПСО. Македонија како држава кандидат е должна да ги имплементира и следи овие регулативи како дел од процесот на интеграција во ЕУ.
*Концепцијата во предвид ги зема и следниве ЕУ иницијативи, директиви и препораки:

- Копенхашка декларација (2002)
- Коминикето од Мастрихт (2004)
- Коминикето од Хелсинки (2006)
- Коминикето од Бордо (2008)
- Коминикето од Бриж (2010)

**ЕУ регулативи кои се однесуваат на стручното образование**

Имајќи ги предвид специфичностите на образовните системи, кои генерално почиваат на постулати кои се однесуваат на контекстот на развојот на државите, историјата, политичкото уредување, економските параметри, целите на секоја држава одделно и сл., Европската унија нема централизиран образовен систем или регулативи кои конкретно го регулираат постсредното образование. Образованието е првенствено надлежност и грижа на секоја држава-членка на ЕУ. Секоја земја-членка е одговорна за својот образовен систем, вклучувајќи го овде и постсредното образование.

Сепак, во името на заедништвото и процесите кои се заеднички за сите држави кои припаѓаат на ЕУ, постојат некои сеопфатни принципи и иницијативи кои влијаат на системите на образование во рамките на ЕУ, а се однесуваат и на постсредното образование:

- **Европска рамка на квалификации (EQF**): ЕРК е заедничка референтна рамка, заемен стандард која ја олеснува споредбата на националните системи на квалификации која вклучува квалификации и од општото и од стручното образование. Овој рамковен документ обезбедува прецизен опис на нивоата на квалификации, помагајќи во подобрувањето и промовирањето на транспарентноста и признавањето/преносливоста на вештините и квалификациите низ земјите-членки на ЕУ, што секако го опфаќа и постсредното образование.

- **Европски кредитен систем за стручно образование и обука (ECVET**)[10]: ECVET е рамка дизајнирана да го олесни трансферот, препознавањето и акумулацијата на резултатите од учењето на поединците во различни земји. Тој е особено релевантен за стручното образование и обука, што овозможува поголема мобилност и препознавање на вештините.

- **Европска референтна рамка за обезбедување квалитет (EQAVET**)[11]: EQAVET е алатка која им помага на земјите-членки на ЕУ да воспостават систем за обезбедување квалитет за стручно образование и обука. Обезбедува заедничко разбирање за обезбедувањето квалитет во СОО и ја олеснува

[10] https://www.cedefop.europa.eu/en/projects/european-credit-system-vocational-education-and-training-ecvet
[11] https://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=1536

размената на добри практики. EQAVET е исто така и инструмент на ЕУ за осигурување на квалитет во стручното образование и обука. Оваа иницијатива обезбедува рамка за развој, преглед и подобрување на квалитетот на образованието и обуката, вклучително и постсредното образование.

- **Европска агенда за вештини**: Европската агенда за вештини е иницијатива која има за цел да обезбеди дека работната сила на ЕУ е опремена со вистинските вештини за пазарот на труд. Таа го нагласува надградувањето и доусовршувањето на вештините, вклучително и во стручното образование, за да одговара на потребите на пазарот на трудот кои се развиваат, што е во директна корелација и поддршка на постсредното образование.

- **Стратешка рамковна заедница за соработка во образованието и обуката (ЕТ2020)[12]:** ЕТ2020 е стратегија на ЕУ што обединува земјите-членки и регионалните органи за да го подобрат образованието и обуката, вклучувајќи го и стручното образование. Оваа иницијатива има за цел да ја подобри реформата на СОО и да го придонесе нивото на вештини на работната сила.

- **Стратешка рамковна заедница за образование и обука на возрасните (А2020)[13]:** Слично на ЕТ2020, А2020 е иницијатива на ЕУ која цели да ја подобри образовната димензија и обуката на возрасните. Ова вклучува активности за стимулирање на учењето и подобрување на вештините на возрасните во годините кои претстојат[14].

- **Европска агенда за учење на возрасни[15]**: Европската агенда за учење на возрасни е стратешка рамка која го промовира образованието и учењето на возрасните. Ги охрабрува земјите-членки на ЕУ да развијат и имплементираат политики кои го поддржуваат образованието на возрасните, препознавајќи ја неговата важност за доживотното учење и вработливоста. Обновената европска агенда за учење на возрасни (2011 и надградена 2021) го дефинира фокусот на европската соработка во политиките за образование на возрасни. Агендата ја нагласува потребата да се зголеми учеството во учењето на возрасни од секаков вид (формално, неформално и информално учење) без разлика дали се стекнуваат нови работни вештини, за активно граѓанство или за личен развој и исполнување. Учењето на возрасните[16] е клучно за личен развој, активно вклучување во пазарот на трудот, преквалификација, доквалификација, социјална инклузија и др. Учењето на возрасните исто така потребно за да се задоволи потребата за нови вештини и да се одговори на потребите кои дигиталната и зелената агенда ги бараат, но и за животот во општествен контекст и како поединец.

[12] https://eur-lex.europa.eu/EN/legal-content/summary/eu-cooperation-in-education-and-training-et-2020.html
[13] https://eaea.org
[14] https://eaea.org/2019/09/30/et2020-what-will-come-after-2020
[15] https://eaea.org/2021/12/09/new-european-agenda-for-adult-learning-for-europes-future
[16] https://eaea.org/our-work/influencing-policy/monitoring-policies/european-agenda-for-adult-learning

- **Иницијатива за патеки за надградба (Upskilling Pathways Initiative**)[17]: Оваа иницијатива на Европската Унија се фокусира кон промовирање на учењето и усовршувањето на возрасните, особено за поединци со ниски вештини или квалификации. Таа има за цел да обезбеди дека возрасните имаат пристап до можности за подобрување на нивните вештини и прилагодување на променливите барања на пазарот на трудот.

- **Оснабрик Декларацијата (2020)** која се однесува на стручното образование и обука како овозможувач на закрепнување и само транзиции кон дигитални и зелени економии.

- **Заклучоците од Рига (2015)** повеќе земји, меѓу кои и Македонија**,** искажаа готовност за реформи и демократизација.

Од суштинско значење е да се забележи дека иако овие иницијативи обезбедуваат рамка за соработка и стандардизација, дизајнот и спроведувањето на политиките за стручно образование и обука, во тој контекст и ПСО остануваат во доменот на поединечните земји-членки на ЕУ.

### 3.2. Педагошка документација и евиденција во постсредното образование

Установите, односно институциите за постсредно образование, јавните и приватните установи за ПСО кои се верификувани за програми за ПСО водат и издаваат документација и водат евиденција за учесниците во програмите.

За документацијата и евиденцијата за постсредното образование кои се водат од страна на установите за ПСО соодветно се применуваат прописите од областа педагошка документација и евиденција во средното училиште, како и начинот на нивното водење.

Документацијата за постсредното образование опфаќа:
- главна книга за специјалистичко образование
- главна книга за образование мајстор
- досие за учесникот/кандидатот
- диплома со додаток на диплома за специјалистичко образование
- диплома со додаток на диплома за образование за мајстор

Евиденција за постсредното образование опфаќа:
- дневник за учесниците во програмата за ПСО

Документацијата се чува трајно.

Водењето, формата и содржината на сите видови педагошка документација и евиденција ќе се уредат со подзаконски прописи (правилници), кои ќе бидат донесени од страна на министерот надлежен за образование.

[17] https://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=1224

# 4. СТРУКТУРА НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Постсредното образование, како ниво на образование на кое се стекнуваат нови компетенции и каде се финализира највисоката професионалност во непосредното оперативно работење, добива посебна вредност затоа што е цврсто поврзано со стопанството, пазарот на трудот и со социјалните системи. Во тој контекст, постсредното образование има функција да обезбеди продлабочени знаења, вештини и оспособување за работа со покомплексна и посложена технологија (специјални средства за работа), за специјализирани висококвалитетни услуги, за организирање на работата, за раководни функции на прво ниво, за инструирање, менторство и сл. Тоа значи дека со постсредното образование се стекнуваат посложени компетенции, вештини за донесување оперативни одлуки и повисок степен на лична и на деловна одговорност.

## 4.1. Образовни програми за постсредно образование

Постсредното образование согласно Законот за Национална рамка на квалификации на Република Северна Македонија припаѓа на ниво V, подниво VБ.

Согласно со описот на нивото и резултатите од учењето за квалификациите од VБ ниво, лице со стекнати квалификации од ова ниво поседува способности за:

- независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи,
- комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза,
- презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на останатите во групата,
- презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина.

Според специфичноста на занимањата на кои се однесува, потребното претходно образование и работно искуство, како и начинот на самото стекнување, постсредното образование (VБ - ниво) се остварува преку образовни програми за:

1. специјалистичко образование и
2. образование за мајстор.

Специјалистичкото образование се остварува преку следните специјализации:

***Технолошката специјализација*** - подготвува кадри за оперирање со комплексни технолошки процеси посложени или специјални средства за работа, постројки, машини, апарати, уреди или мобилни оперативни средства, како и на услуги во одделни сфери на трудот. Таа се однесува на занимања кои бараат посложени компетенции од оние опфатени во соодветната квалификација што е стекната во пониските нивоа на средното стручно образование. Во технолошка специјализација се вклучуваат кандидати кои претходно работеле на работи и работни задачи, а имале стекнато квалификација во рамките на средното стручно образование, во траење од три и четири години.

Технолошкиот тип на квалификации опфаќа занимања од процесните оператори или од едно или од повеќе сродни специјалистички занимања кои се однесуваат на посложени или специјални средства за работа. Програмската структура опфаќа продлабочени технолошки знаења од современата технологија на занимањата и интензивна специјалистичка практика на современи технички средства во сите сектори.

***Надзорничката специјализација*** - подготвува кадри за непосредно раководење со извршителите во оперативното работење (производство и услуги) и за која во поделбата на работата се потребни компетенции за вршење на функции во линиски менаџмент. Тоа значи, непосредно раководење со извршителите на работата кои имаат средно или пониско ниво на образование. Надзорничкиот тип на квалификации, опфаќа повеќе специјалистички занимања од одделни видови работни процеси и едно или повеќе сродни занимања од процесните организатори на работата. Неговата програмска структура ја сочинуваат знаења, вештини и компетенции за организација на производството, организирањето и водењето на процесот на работа и треба да биде ориентирана кон подготовка на работата со луѓе, односно за: водство, тимска работа, мотивирање, контрола, вреднување на резултатите од работењето и сл.

***Инструкторската специјализација*** - е сличен тип со надзорничката, но наместо на менаџерските се однесува на стекнување компетенции за обука на занимањата од соодветната квалификација. Лицата со овој тип на специјализација можат да вршат работа како инструктори во училиштата за средно стручно образование и разни друштва и здруженија или како интерни обучувачи во фирмите за обука на работно место на нови, неквалификувани работници, преквалификација на постојни работници или менторство на новопримените кадри со средно образование.

Инструкторскиот тип на квалификации се јавува како потреба на наставната дејност за почетно оспособување на учениците за стручна оспособеност во средното стручно образование, за менторство на кандидатите за стекнување на ПСО, за обука на возрасни вклучени во посебните програми за образование на возрасните, за обука на возачи и сл.

***Специјализацијата за автономниот тип*** - од ПСО се однесува на занимања кои претпоставуваат поширoко општо образование и конкретни работни компетенции. Овој тип на ПСО претежно се однесува на кандидатите со завршено средно образование, за да се стекнат со определено занимање или ново занимање кое ќе им овозможи вклучување на пазарот на трудот.

Квалификации од овој тип на ПСО може да бидат: графички дизајнер, веб дизајнер, професионален пожарникар, бизнис администратор, компјутерски администратор и др. Неговата програмска структура треба да ја сочинуваат знаења, умеења и компетенции, како на пример: меѓучовечки односи, комуницирање, информирање, обработка на податоци, архивирање на податоци и сл.

За сите наведени типови на специјализации се стекнуваат образовни квалификации, но во рамките на нив може да се стекнуваат и стручни квалификации.

***Образование за мајстор*** претставува посебен вид ПСО со кое учесниците се здобиваат со продлабочени стручни знаења, специфични вештини и компетенции од областа на одредена занаетчиска дејност, самостојно водење на занаетчиски дуќан и обучување ученици и возрасни. По завршување на овој вид образование, се стекнуваат со титулата мајстор за определена занаетчиска дејност.

За стекнување на титулата мајстор потребно е успешно завршување на мајсторскиот испит за одредена занаетчиска дејност. Испитот се однесува на лица кои имаат завршено II, III и IV ниво од НРК.

Постсредното образование реализира образовни програми кои се дизајнирани за лица кои завршиле средно образование за да се стекнат со специфични вештини и/или компетенции за вклучување во одредена професија, односно поголемо ниво на специјализација во одредена стручна област, како и алтернативна патека преку комбинација на практично искуство на работното место со академското учење во училница.

Образовната програма преставува збир од документи: наставен план, наставна програма и испитна програма во кои се прецизираат целите, резултатите од учењето, компетенциите, содржината на наставната програма, пристапот на учењето и наставата и критериумите на оценување во согласност со резултатите од учењето и критериумите за влез за стекнување на квалификацијата. Наставата се реализира врз основа на образовни програми кои во себе содржат мерки кои се преземаат за остварување одредена понуда за образование за стекнување на одредената квалификација.

Образовните програми за мајстор се изготвуваат од страна на ЦРСО, согласно со стандардите на квалификации вклучени во регистарот на НРК, а се одобруваат од страна на ЗКРСМ по позитивно мислење од МОН.

Образовните програми за специјалистичко образование се изготвуваат од страна на ЦРСО, согласно со стандардите на квалификации вклучени во регистарот на НРК, а се донесуваат од страна на министерот за образование и наука.

Образовни програми за специјалистичко образование, за свои потреби, може да бидат изработени и предложени до ЦРСО и од страна на јавните и приватните установи, установите за средно СОО, коморите, трговските друштва и РЦСОО.

ЦРСО како надлежно тело дава мислење за усогласеноста на доставените образовни програми согласно стандардите на квалификации од регистарот на МРК, а по доставено позитивно мислење се утврдуваат/одобруваат од страна на министерот за образование и наука.

Образовните програми се изработуваат врз основа на Стандард на квалификација во кој се дефинирани резултатите од учење што треба да ги постигне учесникот. Стандардот на квалификација се ревидира на секои 5 години и во него се внесуваат новините кои се однесуваат на модернизација во стекнувањето на знаењата и вештините согласно со условите на пазарот на трудот.

## 4.2. Рамковен наставен план за постсредно образование

Структурата на наставниот план за специјалистичкото ПСО е составена од програмски подрачја (во секое подрачје ќе бидат дефинирани модули),

процентуалната застапеност по подрачјата (теорија и специјалистичка практика) и бројот на кредити според ECVET.

**РАМКОВЕН НАСТАВЕН ПЛАН**
**за ПСО – специјалистичко образование**

**Сектор/Струка:**
**Квалификација/Образовен профил:**
**Тип на квалификација:**

| **Реден број** | **Програмски подрачја** | **Застапеност во проценти** | | **Кредити според ЕЦВЕТ** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Теорија** | **Специјалистичка практика** | **Едно годишно** | **Две годишно** |
| **I** | Општообразовно подрачје | 10 – 15% | / | 6 - 10 | 12 - 20 |
| | Модул 1 | | | | |
| | Модул 2 | | | | |
| **II** | Стручно подрачје | 25 – 30% | 10-15% | 15 - 20 | 30- 40 |
| | Модул 1 | | | | |
| | Модул 2 | | | | |
| **III** | Посебно стручно подрачје | 10% | 35 – 40% | 18 - 24 | 36 - 48 |
| | Модул 1 | | | | |
| | Модул 2 | | | | |
| | Модул 3 | | | | |
| **IV** | Специјалистички испит | | | 10 | 10 |
| Застапеност во проценти и вкупно ЕЦВЕТ кредити | | 45-55% | 45-55% | 60 | 120 |
| **ВКУПНО** | | **100%** | | **60** | **120** |

Табела бр. 1 Програмската структура на специјалистичкото образование

***Општо-образовното подрачје*** е во функција на натамошно развивање на општата култура, особено на вредностите на граѓанското општество, интерперсоналното комуницирање, користењето на современите медиуми, општа подготовка за вклучување во работата и подготовка за доживотно образование. Во рамките на ова подрачје се дефинираат генеричките компетенции како комбинација на знаења, вештини и ставови кои се надоврзуваат на стручните компетенции и се предуслов за успешно учење, работа и развој на поединецот во општествената заедница.

Во зависност од типот на специјализацијата, со секој наставен план се одредуваат посебни модули кои се однесуваат на:

- облици на мислење (решавање проблеми, донесување одлуки, критичко мислење, креативност, иновативност и сл.);
- облици на работа и користење средства за работа (комуникација, соработка, информациска писменост, дигитална писменост и сл.);

- личен и социјален развој (управување со личниот и професионалниот развој, поврзување со останатите, активно граѓанство и сл).

Генеричките компетенции се заеднички (исти) за секој одреден тип на специјализација во рамките на секторот.

Компетенциите кои се стекнуваат во рамките на ова подрачје се од когнитивен и афективен домен на учење.

***Стручно подрачје*** е во функција на стекнување стручни компетенции релевантни за соодветниот сектор. Преку модулот/ите од овој сектор се стекнуваат компетенции кои се специфични за секторот, разбирање на работните процеси и постапки, одговорно однесување во работата и градење на работна култура и навика.

Подрачјето се состои од два вида модули, а се избираат од кандидатите во зависност од нивното претходно стекнато образование.

Првиот модул е задолжителен и се однесува на  кандидатите кои претходно имаат стекнато квалификација од различен сектор од тој што се запишува во ПСО (доаѓаат од друг сектор/ или од гимназиско образование). Модулот содржи резултати од учење кои овозможуваат стекнување основни компетенции за секторот. За овие учесници е задолжителен и вториот модул.

Вториот модул е задолжителен за кандидатите кои претходно имаат стекнато квалификација од истиот сектор.

Модулите од оваа подрачје се изготвуваат од страна на ЦРСО и се избираат во зависност од претходно стекнатото образование на кандидатот.

Компетенциите кои се стекнуваат во рамките на ова подрачје 25 – 30% се од когнитивен и афективен домен, односно припаѓаат на стручно-теоретската настава, а 10-15% од психомоторен домен на учење, односно се однесуваат на специјалистичка практика.

***Посебно-стручното подрачје*** е во функција на стручно профилирање на учесниците и ги опфаќа сите. Преку ова подрачје кандидатот се запознава со технологијата на работењето,  работните процеси,  предметот на работа, работните правила, постапки и законитости за конкретната квалификација.

Модулите од оваа подрачје се во функција на стекнување компетенции кои ја чинат основата на  конкретната квалификација.

Компетенциите кои се стекнуваат во рамките на ова подрачје 10% се од когнитивен и афективен домен, односно припаѓаат на стручно-теоретската настава,  а 35 – 40% од психомоторен домен на учење, односно се однесуваат на специјалистичката практика.

Наставата во ПСО се реализира преку часови за теоретска настава и специјалистичка практика.

**Специјалистичката практика** е во функција на практична примена на специфичните компетенции за конкретно работно место (за кандидати со работно искуство) и/или стекнување компетенции потребни за извршување на конкретни работни задачи, функции, активности и сл. (за кандидати без работно искуство).

Специјалистичката практика е процес на учење што се случува кога учесниците во постсредното образование вршат реална работа во реална работна

средина. Тоа им овозможува стекнатото знаење во училиште да го поврзат со светот на трудот, идните кариерни можности и побрзо да се вклучат во работниот процес.

Специјалистичката практика е пристап на учење кој содржи различни компоненти на учење и истото доаѓа од искуство и учество во секојдневниот живот, вклучува врски, содржини и контекст на работа. Успешноста на специјалистичката практика во голема мера зависи од развивањето и негувањето на колаборативниот пристап на сите чинители: бизнис секторот, локалната самоуправа, образовните институции, наставниците и учесниците во постсредното образование. Успешната соработка е детерминирана од добра координација и јасна поделба на одговорностите меѓу чинителите во процесот на реализација на специјалистичката практична работа, како и воспоставените механизми за повратна информација.

Кандидатите кои поседуваат целосно или делумно соодветни компетенции од образовната програма стекнати во неформалното образование или со информалното учење, може да бидат проверени за квантумот и квалитетот на компетенциите што ги поседуваа. Целта е формално признавање на компетенциите. Доколку кандидатот докаже дека има соодветна практика, може да се признае најмногу 30% од времето предвидено за специјалистичката практика.

***Специјалистичкиот испит*** се полага според посебна испитна програма која се темели на резултатите од учење на модулите. Испитните програми се изготвуваат од страна на ЦРСО во соработка со соодветните комори, а се донесуваат од страна на министерот за образование и наука. Со специјалистичкиот испит се проверуваат стекнатите компетенции на учесникот по завршеното ПСО за одделен тип на специјализација и квалификација.

Специјалистичкиот испит се состои од:

- стручно-теоретски дел - се проверуваат стручно-теоретските знаења, вештини и компетенции согласно испитната програма, за секој тип на специјализација и квалификација, од страна на посебни комисии за специјалистички испит, а се изведува во установите / организациите за ПСО.
- практичен дел, се проверуваат вештините за изработка и/или изведба на практична задача, опис на техничко-технолошките постапки поврзани со практичната задача и одбрана на практичната задача, пред соодветна екстерна комисија, составена од претставници на установата за ПСО и на социјалните партнери, а се полага во установа/организација за ПСО, во организацијата каде што кандидатот ја изведувал практичната обука или во други организации кои ги исполнуваат условите за полагање на практичниот дел од специјалистичкиот испит.

Начинот на организацијата, содржината, условите, реализацијата и системот на вреднување на специјалистичкиот испит ќе бидат дефинирани со посебен Правилник што ќе биде изготвен од страна на ЦРСО.

## РАМКОВЕН НАСТАВЕН ПЛАН
## за ПСО – образование за мајстор

**Сектор/Струка:**
**Квалификација/Образовен профил:**

| **Подрачје** | **Код** | **Назив на модул** | **Процентуална застапеност за едногодишни** | **Процентуална застапеност за двегодишни** | **Кредити** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо-образовно подрачје | М01 | Управувачки-правно/економски | 20-25% | 10-20% | 12 | 12 |
| | М02 | Педагошко-андрагошки | 20-25% | 10-20% | 12 | 12 |
| Стручно подрачје | М03 | Стручен модул | 20-30% | 30-40% | 12 | 36 |
| | М04 | Мајсторска практика | 20-40% | 30-40% | 14 | 50 |
| Мајсторски испит | | | | | 10 | 10 |
| **Вкупен број на кредити** | | | | | **60** | **120** |

Табела бр. 2 Програмската структура на образованието за мајстор.

Модулот 1 и 2 се задолжителни модули, исти за сите сектори и квалификации и носат еднаков број на кредити. Кандидатот сам избира дали ќе посетува обука за модулите 1 и 2 или знаењата ќе ги докаже на општо-образовниот дел од мајсторскиот испит.

**Стручниот модул** е во функција на стручно профилирање на учесниците. Со него кандидатот се запознава со технологијата на работењето, работните процеси, предметот на работа, работните правила, постапки и законитости за конкретната квалификација. Компетенциите кои се стекнуваат во рамките на овој модул се од когнитивен и афективен домен на учење. Кандидатот сам избира дали ќе посетува обука за стручниот модул или стручно-теоретските компетенции за образование за мајстор ќе ги докаже на стручниот дел од мајсторскиот испит.

**Мајсторска практика** е во функција на практична примена на специфични компетенции за конкретно работно место (за кандидати со работно искуство) и/или стекнување компетенции потребни за извршување на конкретни работни задачи, функции, активности и сл. (за кандидати без работно искуство). Компетенциите кои се стекнуваат во рамките на овој модул се од психомоторен домен на учење. Обука за мајсторската практика не е задолжителна за сите кандидати. Кандидатот избира дали ќе посетува обука за мајсторска практика или практичните компетенции за образование за мајстор ќе ги докаже на практичниот дел од мајсторскиот испит.

Мајсторскиот испит се полага според посебни испитни програми кои се изготвуваат од страна на ЦРСО, а ги донесува ЗКРСМ. Тој се состои од **четири дела**:

Општо-образовно подрачје:
- Управувачки - правно/економски дел
- Педагошко-андрагошки дел

Стручно подрачје:

- Практичен дел
- Стручно-теоретски дел

Испитите од општо-образовно подрачје опфаќаат проверка на знаења од подрачјето на работоводење (економија, маркетинг, управување), правата на трговските друштва, специјалните закони (промет, занаети, угостителство, трговија), работните и социјалните права, облигационите права, заштитата на потрошувачите, финансиското работење, сметководството, правењето биланс, данокот на додадена вредност, заштитата на животната средина, екологијата итн. Овој дел опфаќа и проверка на педагошко-андрагошките знаења и вештини, неопходни за практичното учење на чираците (во занаетчиски дуќан, неопходен за реализација на практична обука на ученици во средното стручно образование).

Испитите од стручното подрачје опфаќаат проверка на практичните и стручно-теоретските знаења од областа на дејноста (со посебен фокус на занимањето) за која се полага испитот.

Мајсторскиот испит го спроведуваат испитни комисии формирани од испитни одбори за:

- практичен и стручно-теоретски дел за секое мајсторско звање (по потреба вакви одбори може да се формираат и за цели региони);
- управувачки - правно/економски дел (за сите мајсторски звања);
- педагошко-андрагошки дел (за сите мајсторски звања).

Начинот на организацијата, содржината, условите, формирањето на испитни одбори и комисии и неговата реализација е уредено со Правилникот за структура, организација и реализација на мајсторскиот испит. Бидејќи не е уреден делот за признавање на посебните делови од мајсторскиот испит потребно е да се дополни Правилникот со тој дел, за да се поставаат јасни процедури кои ќе им бидат познати на оценувачите при признавање на посебните делови од испитот.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### 5.1. Стекнување на специјализација во постсредно образование

#### 5.1.1. Наставни програми за специјалистичко образование

Наставните програми за специјалистичкото образование се модуларно дизајнирани со јасно дефинирани резултати од учењето и критериуми за нивно оценување.

Содржините и активностите во модуларните единици треба да овозможат учесникот во специјалистикото образование да ги постигне зададените (предвидените) резултати од учењето коишто, пак, одговараат на описите на нивото VБ од МРК.

Исто така, во наставните програми јасно треба да бидат дефинирани и критериумите за оценување, односно стандардите за оценување, со кои се докажува колку и дали се постигнати резултатите од учењето. Ова е многу важно со цел процесот на вреднување и оценување да биде објективен, конзистентен и транспарентен.

### 5.1.2. Модуларна структура

Модуларизацијата е клучен фактор за брзо и флексибилно интервенирање во согласност со промените на пазарот на труд на локално, регионално, национално и меѓународно ниво, поттикнувајќи на тој начин движење на учесниците низ различните патишта на образование/обука или места за учење. Модуларниот пристап ја зајакнува врската меѓу теоријата и практиката и обезбедува:

- поголема флексибилност (внатрешна и надворешна) во системот за СОО;
- позитивен ефект при вработувањето на младите;
- СОО „поттикнато од побарувачката", а не „поттикнато од образовните институции";
- индивидуален профил за доживотно учење;
- јасна врска меѓу иницијалното и континуираното образование/обука преку зголемување на вертикалната и хоризонталната мобилност меѓу програмите;
- акумулација и трансфер на кредити во согласност со Европскиот кредит систем за СОО (ECVET), преку кои се олеснува трансферот на учењето, стекнато и оценето кај нас и во странство и им овозможува на учениците да ги надградуваат квалификациите преку добивање кредити од повеќе земји;
- можност да има специфични модули за една или повеќе квалификации.

Модулот е основа за планирање на активностите и содржините за постигнување на резултатите од учење. Модулите можат да бидат составени од една или повеќе модуларни единици кои се ориентирани кон резултати од учење. Модулот се изработува согласно Образец за модул кој ги опфаќа елементите неопходни при дизајнирањето на еден модул заснован на компетенции. (Анекс 1).

### 5.1.3. Резултати од учење

Основна карактеристика на постсредното образование е неговата насоченост кон резултатите од учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност). Како такви, тие ја прават основата за планирање, организирање и реализирање на постсредното образование и вреднување на постигањата на кандидатите и на целокупниот процес на образованието и учењето.

Модулите треба да поседуваат јасно дефинирани резултати од учење кои се во корелација со соодветниот стандард на квалификација и компатибилни со описите за ниво VБ од МРК.

Постсредното образование подразбира еднаквост на резултатите од учење (без разлика на времето, местото на образование и учење, насоченост кон младите или возрасните), како и разновидност на можностите, начините и постапките во нивното стекнување.

Резултатите од учењето, начинот и критериумите за нивното вреднување се дефинираат пред почетокот на процесот на образованието и обуката и им се познати на наставниците, на обучувачите и на кандидатите. Врз основа на нив се определува и дефинира процесот на образованието и учењето. Програмите/ модулите, засновани на резултати од учење, треба да:

- бидат јавни и достапни на сите заинтересирани;

- го елаборираат начинот на организацијата, на реализацијата и на вреднувањето во образовниот процес;
- ги вклучуваат стандардите на постигањата по програмските подрачја и програмите/модулите.

Спецификацијата на резултатите од учење се базира врз јасно дефинирани процедури и методологии на работа, а во нивна изработка можат да бидат вклучени различни учесници како што се: наставници, обучувачи, инструктори, универзитетски наставници, практичари, претставници од работодавачи, синдикати и друго.

Вклучувањето на бизнис заедницата во реализација на практичната обука е знак за општествено одговорни компании кои преку практичната обука на учесниците во постсредното образование им овозможуваат полесна примена на стручната теорија во пракса, со што се постигнува подобро разбирање на теоретската содржина која се учи во училиште. Тоа придонесува учесниците да се стекнат со вештини и работни навики кои се од особено значење во градењето на една личност.

### 5.1.4. Ресурси за специјалистичко образование

#### Наставен и друг кадар

Условите под кои некое лице може да оствари статус на наставник во постсредното образование се уредени со Законот за средно образование, Закон за наставници, Законот за високото образование (високи стручни школи), Закон за стручно образование и обука, Законот за вршење на занаетчиска дејност, Законот за образование на возрасни и со нормативите за наставните кадри за секоја наставна програма.

Наставниците и обучувачите за специјалистичката практика во постсредното образование ќе имаат улога на инструктори, консултанти, ментори, односно поттикнувачи во учењето, помошници во образованието, каде посебно се нагласува нивната улога и изменета позиција во образованието и учењето, при што, повеќе се има во предвид нивната обврска да ги поттикнуваат возрасните да учат и да се образуваат, да им го олеснат процесот на учење и образование и да им дадат на располагање доволно извори на информации.

Улогата на наставниците и обучувачите во постсредното образование е условена од потребата за:

- почитување на предзнаењата на возрасните, нивното животно и работно искуство, психолошката зрелост и општествената улога која ја имаат возрасните во секојдневниот живот;
- подобрување на интерперсоналната комуникација, давање легитимност на човечкиот фактор и емоциите;
- развивање на разбирањето меѓу и во работните групи, развој на тимска работа, усовршување на методите за решавање конфликти итн.

Наставниците и обучувачите покрај формалните услови за вршење на наставничка професија, треба да поседуваат и андрагошко образование, т.е. да имаат стекнато компетенции за образование и обука на возрасни.

Доколку установата за ПСО нема соодветен наставник за реализација на стручно образование и/или практичното образование, има можност да вработи лице кое е вработено кај работодавачот. Вработувањето може да биде само на определено

време до крајот на учебната година, но мора да има добиена писмена согласност од Министерството.

Просторни услови и опрема за специјалистичко образование

Квалификациите од специјалистичкото ПСО се реализираат согласно наставни планови и модуларно дизајнирани наставни програми (образовни програми) за специјалистичко образование, во кое се дефинирани општите материјално-технички и просторни услови за постигнување на резултатите од учењето.

Образовните програми за специјалистичко образование, за свои потреби, може да ги изработуваат и да ги предлагаат до ЦРСО јавни и приватни установи, установи за средно СОО, трговски друштва и регионални центри за СОО. Покрај усогласеноста со стандардот на квалификацијата, ЦРСО ги проверува и материјално-технички и просторни услови за постигнување на резултатите од учењето.

Во обезбедување на материјално-техничките и просторните услови може да учествуваат и компаниите во кои се реализира специјалистичката практика и останатиот дел од образовната програма.

5.1.5. Времетраење на специјалистичкото образование

Времетраењето на образованието за стекнување определена квалификација се определува во зависност од бројот и ширината на занимањата што се опфатени со квалификцијата. При дефинирањето на квалификациите се тргнува од потребите на работодавачите, особено во поглед на потребните компетенции за вработување и работа во тоа занимање.

Содржината, формите, времетраењето и другите услови за нивното организирање, како и правата и обврските на кандидатите кои ги посетуваат, се уредуваат со општ акт на установата/организацијата која ги спроведува.

Специјалистичкото образование е во траење од 1 до 2 години, во зависност од специфичните вештини и компетенции во квалификацијата кои треба да се постигнат и критериумите за влез во истата. Во зависност од влезот на учесниците во програмите за специјалистичко образование и признавање, специјализација може да се стекне и за пократко време.

## 5.2. Стекнување на образование за мајстор во постсредното образование

**Образование за мајстор** претставува посебен вид ПСО. Мајсторскиот испит се полага најмалку еднаш годишно, по објавен конкурс од ЗКРСМ.

За стекнување на звање мајстор потребно е успешно завршување на мајсторскиот испит за одредена занаетчиска дејност. Со завршувањето на мајсторскиот испит, кандидатот се стекнува со звање мајстор за одредена занаетчиска дејност и можност за обучување на ученици и возрасни. По стекнувањето на мајсторска диплома, кандидатот може да ги пренесува своите општи и стручни знаења, вештини и компетенции на чираците и вработените.

5.2.1. Наставни програми за образование за мајстор

Образованието за мајстор се реализира со образовни програми изработени врз основа на стандард на занимање и стандард на квалификација. Потребата за изработка на образовна програма за мајстор за одредена заенатчиска дејност треба да ја носи Занаетчиската комора.

Наставните програми за образованието мајстор треба да бидат модуларно дизајнирани со јасно дефинирани резултати од учењето и критериуми за нивно оценување.

Наставните планови и програми треба да се изработуваат со заедничка соработка меѓу ЦРСО и регионалните комори. Наставните планови и програми се усвојуваат од страна на ЗКРСМ и добиваат позитивно мислење од страна на министерот за образование.

### 5.2.2. Ресурси за образование за мајстор

Наставен и друг кадар

Нормативите за наставен и друг кадар што се вклучени во реализацијата на програмите за стекнување на образование за мајстор се уредени во наставната програма за образование за мајстор, а нормативите за членовите на испитните комисии се дефинирани во Правилникот за мајсторски испит[18].

Просторни услови и опрема за образование за мајстор

Во однос на простор и опрема, Занаетчиската комора се верифицира во Министерството за образование и наука на РСМ за реализација на ПСО за секој мајсторски испит одделно. Во постапката на верификација се доставуваат склучени договори со обучувачи, членови на комисии со пропратна кратка биографија и дипломи за мајсторски испити согласно Измените на Правилникот за мајсторски испит[19]. Исто така, комисија од МОН ја проверува на терен исполнетост на услови за спроведување мајсторски испит, како и за теоретските делови од испитот, така и за практичните делови од испитот. Во однос на опремата за реализација на мајсторскиот испит, соодветната занаетчиска комора склучува договор со соодветен работодавач кој исполнува услови во однос на машини, опрема, хигиенски услови како и исполнети услови за безбедност и здравје при работа. По утврдување на исполнетите услови од страна на регионалната комора, истата добива Решение за верификација на институција за реализација на мајсторски испит за соодветното занимање.

### 5.2.3. Времетраење на образованието за мајстор

[18] Правилник за структура, организација и реализација на мајсторски испит– Сл. Весник бр.36/2008, Службен весник бр.200/2018

[19] Измените на Правилникот за мајсторски испит (Сл. Весник на РСМ 200/18)

Времетраењето на образованието за мајстор е од 6 месеци до 2 години, во зависност од квалификацијата со која се стекнува и бројот на часови предвидени во програмата.

## 6. УЛОГИ И НАДЛЕЖНОСТИ ВО ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кога зборуваме за успешност на реализацијата на постсредното образование, неопходно е активно вклучување на сите партнери (Владата, организација на работодавачите, коморите и синдикатите), различни интересни групи (стручни здруженија, установи за средно образование, локални самоуправи, невладини институции и др.) и останати субјекти кои учествуваат во планирањето, финансирањето, реализацијата и управувањето со постсредното образование.

### 6.1. Институции вклучени во процесот на постсредното образование

Во подготовка и реализација на ПСО, за време на донесување на Концепцијата, надлежности имаат следните институции/установи и социјални партнери:

- Министерство за образование и наука;
- Министерство за економија и труд;
- Државен просветен инспекторат;
- Центар за развој на стручното образование;
- Биро за развој на образованието;
- Центар за образование на возрасните;
- Единици на локална самоуправа;
- Коморите и
- Социјалните партнери.

Улогата и надлежностите на наведените институции/установи можат да се менуваат согласно законските измени.

### 6.2. Социјални партнери во постсредното образование

Развојот и поттикнувањето на дијалог, односно партнерство на сите нивоа се клучни за унапредувањето на конкурентноста, споделувањето на придобивките и зајакнувањето на економскиот просперитет и социјалната благосостојба.

Соработката на сите вклучени партнери е од голема важност и треба да резултира со:

- водење и координирање на социјалниот дијалог и партнерство на различни нивоа на планирање, развој и спроведување на ПСО;
- споделување идеи, иницијативи, доставување предлози за унапредување на стручното образование и обука со акцент на постсредното образование во државата;
- разрешување одредени предизвици;
- воспоставување и одржливост на Национална рамка на квалификации;
- развивање стандарди на занимања и стандарди на квалификации во постсредното образование;

- континуирано истражување и идентификување на потребите на пазарот на трудот;
- поврзување на образовните институции и понудувачите на образовните услуги за постсредно образование со претпријатијата и компаниите;
- дефинирање нови и ревизија на постоечките квалификации;
- динамичен развој на наставни програми/модули;
- следење и анализа на излезите од ПСО;
- обезбедување квалитет во ПСО;
- стручно усовршување и обука на наставниот кадар, соработниците и обучувачите во постсредното образование;
- подобрување на вработливоста на младите и зголемување на економската ефективност и конкурентност на македонското стопанство;
- давање поддршка и координирање на работата на институциите за ПСО и др.

Социјални партнери се здруженија на работодавачи и синдикати кои ги претставуваат интересите на работодавачите и работниците, кои во соработка со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа (Локални економско-социјални совети) учествуваат во реформите, развојот и реализацијата на стручното образование и обука и учество во изработка на програмски документи.

**Организациите на работодавачи** врз основа на своите анализи на пазарот на труд директно се вклучени во дијалогот на теми во интерес на работодавачот поврзани со образованието, вклучувајќи го и постсредното образование и со свои предлози и мислења учествуваат во подобрување на системот за ПСО и иницирање на нови квалификации, како и во подобрување на истите.

**Синдикатите** се синдикалните здруженија кои преземаат консултативни активности со сегашните и идните работници за унапредување на нивното знаење и вештини согласно новите технологии, ќе доставуваат предлози за подобрување на квалитетот на имплементацијата на постсредното образование и ќе ги промовираат придобивките од истото за да го поддржат и кариерниот развој на работниците. Исто така, синдикатите ќе ги застапуваат правата на наставниците вклучени во постсредното образование преку остварување на стимулација на истите.

**Економско-социјален совет** е единствена трипартитна институција за социјален дијалог на национално ниво која дава препораки до Владата за прашања кои се од економски и социјален интерес за работодавачите и работниците и за водење усогласена економска, развојна и социјална политика. Врз основа на анализите дава свои предлози и мислења за економски и социјален развој и подобрување на образовните политики. Економско-социјалниот совет ја промовира и поттикнува потребата на тристрана соработка (трипартитен социјален дијалог) меѓу социјалните партнери за решавање на економските и социјалните прашања и проблеми на локално ниво преку ЛЕСС.

**Локалните економско-социјални совети** даваат можност за размена на информации и мислења за покренување иницијативи од интерес за локалната заедница со цел да се развијат локални решенија за конкретни предизвици за создавање повеќе и подобри работни места преку предлагање мерки за образование и професионална обука, поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот сектор со потребите на пазарот на труд како и вклучување на младите во социјалниот дијалог преку нивно учество во ЛЕСС.

## 7. ВЛЕЗ ВО ПРОГРАМИТЕ ЗА ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

### 7.1. Целни групи

Постсредното образование е наменето за кандидати заинтересирани за учење и доусовршување кои може да се остваруваат преку програми за специјалистичко образование и програми за образование за мајстор.

7.1.1. Влез во програми за специјалистичко образование

**Кандидати со соодветно образование и соодветно работно искуство**

Во оваа група спаѓаат:

- кандидати со завршено средно стручно образование во траење од четири години кои имаат соодветно работно искуство[20] од 2 години;
- кандидати со завршено средно стручно образование во траење од три години кои имаат соодветно работно искуство од 3 години;
- кандидати со завршено гимназиско образование кои имаат соодветно работно искуство од 3 години;
- кандидати со завршено средно уметничко образование кои имаат соодветно работно искуство од 3 години;

Кандидатите со завршено средно стручно образование во траење од четири години и соодветно работно искуство од 2 години и кандидатите со завршено средно стручно образование во траење од три години и соодветно работно искуство од 3 години директно се запишуваат во програмите за специјалистичко образование. Тие може да имаат статус на вработени и невработени лица.

Кандидатите со завршено гимназиско образование и соодветно работно искуство од 3 години и кандидати со завршено средно уметничко образование и соодветно работно искуство од 3 години се запишуваат во програмите за специјалистичко образование, за сите типови на специјализација, освен за технолошката специјализација. За овие кандидати, влезот во програмите за специјалистичко образование за технолошката специјализација ќе има дополнителни

[20] Соодветно работно искуство се однесува за работно искуство во секторот на кој му припаѓа програмата за ПСО, за која се пријавува кандидатот

критериуми и изучување на дополнителни модули, предложени од страна на давателот на ПСО.

Кандидати кои имаат соодветно образование или соодветно работно искуство, а кои доаѓаат од друг сектор или пак сакаат да ја сменат квалификацијата од соодветниот сектор за влез во програмите за специјалистичко образование, ќе имаат дополнителни критериуми за изучување на соодветен модул од стручното подрачје, специфичен за одредениот сектор.

**Кандидати со соодветно образование за континуирано специјалистичко образование**

Во оваа група спаѓаат кандидати со завршено средно стручно образование во траење од четири години кои сакаат своето образование да го продолжат на специјалистичко образование врз основа на континуирани програми, веднаш по завршувањето на средното стручно образование во траење од четири години, дефинирано во стандардот на квалификацијата која може да се стекнува како континуирано специјалистичко образование.

**Кандидати кои имаат соодветно образование и несоодветно работно искуство или воопшто немаат работно искуство**

Овие кандидати за да стекнат услов за влез во специјалистичко образование треба претходно да совладаат модул на знаења и вештини што ќе ги определи давателот на ПСО со што ќе го компензираат недостатокот од соодветното работно искуство во секторот на кој му припаѓа програмата за ПСО.

Акцентот во изработката на модулот треба да биде ставен врз стручното и практично стекнување знаења и вештини. Со секоја квалификација посебно се дефинираат диференцијалните модули.

Правата и обврските на лицата запишани во установите за ПСО и обука се утврдуваат во договор склучен меѓу лицето учесник и давателот на ПСО.

7.1.2. Влез во програми за образование за мајстор

Во програмите за образование за мајстор влегуваат лица кои имаат завршено:

- средно образование со двегодишно, тригодишно или четиригодишно траење.
- да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната занаетчиска дејност за која што сакаат да полагаат мајсторски испит.

## 7.2. Критериуми за упис

Општите критериумите за упис во постсредното образование се пропишани со закон, посебните правила за влез[21] во постсредното образование се пропишуваат во стандардот на квалификација, посебно за секоја квалификација.

---

[21] Види 7.1.1. и 7.1.2.

### 7.3. Процес на валидација и признавање на претходното учење

Механизмот на ВНИУ се заснова на почитување на правото на поединецот да му се признаат компетенциите што реално ги поседува. Процесот на валидација се врши врз основа на Методологија за процесот на валидација за стекнување на квалификација, донесена од страна на министерот за образование и наука, а предложена од ЦОВ. Процесот на валидација се врши за стекнување квалификации на нивоата до VБ од Македонската рамка на квалификации.

Спроведувањето на системот за ВНИУ вклучува четири фази:

1. Идентификација на компетенциите на поединецот (т.е. резултати од учењето) стекнати преку неформалното и информалното учење;
2. Документирање на резултатите од учењето од неформалното и информалното учење на поединецот, заедно со придружни докази;
3. Процена на резултатите од учењето на поединецот преку оценување на приложените докази;
4. Сертификација со која се потврдува достигнувањето на поединецот во врска со резултатите од учењето.

Во секоја фаза од процесот ќе треба да се вклучат различни институции.

Првата фаза од процесот - идентификацијата - е клучна, бидејќи ова е фазата на влез во системот за потенцијалните кандидати за ВНИУ. Тука клучни институции кои би биле вклучени се: Агенцијата за вработување, општини, отворени граѓански универзитети за доживотно учење и други локални институции, како што се даватели на образование и невладините организации.

Во втората фаза – документирање – би требало да се вклучат истите институции кои се и во првата фаза.

За третата фаза – процена – треба да постои сеопфатна методологија, која ќе ги утврдува принципите на процена во ВНИУ и која ќе ги дефинира правилата и постапките кои треба да се следат од оценувачите. Процените за ВНИУ треба да ги вршат соодветни оценувачи во институциите кои имаат овластување за вршење валидација на документираните (а понекогаш физички) докази доставени од страна на кандидатот, врз основа на барањата за процена за соодветната квалификација.

Последната фаза во процесот на ВНИУ – сертификација – мора да биде извршена согласно правилата за издавање сертификати за квалификации. За успешните кандидати во ВНИУ треба да им се обезбеди сертификација од институција надлежна за доделување на соодветната квалификација, според условите од НРК.

Во рамките на давателот на ПСО треба да се формира Комисија за валидација која ќе го процени претходното учење на кандидатот кој е запишан во програма за ПСО за да направи проценка на стекнатото знаење, вештини и компетенции по пат на неформалното и информалното учење. По завршената проценка, а согласно со резултатите од валидацијата, кандидатот треба да биде известен што ќе му биде признаено од претходното учење и како тоа ќе влијае врз стекнување на програмата за ПСО.

## 7.4. Проодност (хоризонтална и вертикална)

Завршените учесници од постсредното образование главно се упатуваат кон пазарот на трудот.

Излезните компетенции кои ги стекнува учесникот по завршување на постсредното образование му овозможуваат да извршува работи и работни задачи со поголема сложеност и одговорност, да напредува во работната кариера, како и да стекне основа за натамошно доживотно образование.

Во зависност од потребите на пазарот на трудот и определбата за личен и професионален развој, лицето кое се стекнало со квалификација од определен тип на ПСО може да се вклучи во стекнување квалификација од друг тип на ПСО. Во тој случај, на лицето му се признаваат дел од постигнувањата, остварени во претходната програма за ПСО. Обемот и содржините на програмата што се признаваат од претходните постигнувања, го утврдува установата/организацијата која реализира програми за ПСО за кои е заинтересиран кандидатот. Установата/организацијата во согласност со програмата за ПСО определува колку модули и колку кредити ќе му бидат признати на кандидатот од претходното учење. За добивање нова квалификација од ПСО кандидатот мора да ги реализира и останатите модули од програмата.

Учесниците кои завршиле специјалистичко образование со VБ ниво од МРК можат да го продолжат своето образование на високо образовните институции, согласно законските прописи кои го регулирано високото образовани.

# 8. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Една димензија на ОК во постсредното образование е примената на Законот за Националната рамка на квалификации, Законот за СОО и подзаконските акти произлезени од него, кои го уредуваат начинот и процесот на ОК во средното образование и обука, како и примена на дефинирани стандарди и процедури.

Во нашиот образовен систем квалитетот е базиран на евалуација на образовните институции, на образовните програми, подобрено оценување, континуиран професионален развој на наставничките компетенции со однапред определени очекувани резултати од учењето.

Исто така, како референца за ОК во стручното образование и обука, поради неговата европска димензија треба да бидат и принципите на Европско ОК во стручното образование и обука, како и десетте индикатори[22] кои обезбедуваат поврзување на значителен број аспекти на системот за СОО едни со други и дозволува информациите обезбедени од секој од индикаторите да бидат поголеми од збирот од неговите делови.

Главни принципи на EQAVET за ОК се:

- Проектирање и изработка на програми за образование и обука;

[22] https://skillman.eu/wp-content/uploads/2015/10/EQAVET_Indicators_Toolkit_final.pdf

- Оценување на квалитетот на програмите за образование и обука на основа на четири однапред дефинирани процеси: дизајн на програмата, спроведување на програмата, оценување на програмата и управување на квалитетот;
- Развој на персонализирани образовни патишта за учениците; и
- Управување на знаењето и интегрираниот пристап при предавањето.

Со следење на EQAVET принципите, може да се оствари постојано подобрување на програмите за образование и обука и да се осигура учениците да го развијат својот потенцијал, доколку принципите се преточат во пракса и се интегрираат во производствениот систем во којшто ќе функционираат.

ПСО е фокусирано на потребите на пазарот на трудот и насочено кон остварување на очекуваните резултати од учењето, како и за прифаќањето на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција, почитувањето на различностите и демократските вредности

Квалитет во постсредното образование и обука мора да се базира на вклученоста на сите чинители: различни институции, социјални групи, ученички здруженија, бизнис заедница и други чинители со цел решенијата и резултатите да се базираат на реални податоци од сите вклучени страни во системот на образованието и од анализа на трендовите и барањата на пазарот на трудот. Ова е важно тргнувајќи од фактот дека, квалитетното образование е важно за социјалниот и економскиот развој на една држава. Затоа, потребно е да се зголеми нивото на квалитет преку збир од мерки и практики. Анализата на податоците добиени од учениците и другите учесници во системот на образованието, анализата на трендовите и барањата на пазарот на трудот, како и ефикасни механизми за надзор врз квалитетот, треба да бидат најважните инструменти за подобрување на квалитетот во образованието.

Квалитетното образование има безбројни предности за една држава и нивниот народ. Прва од нив е зголемување на квалитетот на живот на луѓето. Добар образовен систем ќе им овозможи на луѓето да работат уживајќи ги благодетите од тоа што имаат стабилна и сигурна работа и добри примања. Тие ќе имаат способност да се справуваат со новите предизвици и можности во современото општество и ќе бидат подготвени за било какви социјални, економски или технолошки изменувања.

Квалитетното образование има и социјални предности, бидејќи ја подобрува самодовербата и способноста на луѓето да донесуваат важни одлуки.

### 8.1. Акредитација

Специјалистичко образование може да се реализира во јавни и приватни установи, акредитирани од Министерството за образование и наука, како:
- јавна и приватна установа за постсредно образование;
- трговско друштво;
- комори;
- РЦСОО.

Образование за мајстор може да се реализира во занаетчиски комори, акредитирани од Министерството за образование и наука.

Сите даватели на програми за ПСО кои водат кон стекнување квалификација и стекнување компетенции кои се компатибилни со нивото VБ од Македонската рамка на квалификации мора да го поминат процесот на акредитација.

**Акредитација** е формално признавање на оспособеноста за извршување на одредени активности и отпочнување на работа на установата која ги исполнила условите. Таа претставува процес на ОК кој има за цел признавање и одобрување за работа на образовната установа, понудувачот на образовни услуги за ПСО, односно на институција која исполнува одредени пропишани норми/стандарди. Акредитацијата на установите за ПСО треба да се врши од страна на Министерството за образование и наука.

Составен дел од системот за осигурување на квалитетот во постсредното образование треба да претставуваат институциите и телата кои се надлежни за информации, препознавање и признавање на претходното учење, дипломите и сертификатите на национално и на интернационално ниво.

Овие институции и тела се предлага да обезбедат:

- донесување национален стандард на компетенции за наставен кадар во ПСО;
- донесување процедури за обезбедување квалитет во ПСО (внатрешна и надворешна евалуација);
- донесување единствени норми кои се однесуваат на акредитирање на установите за ПСО;
- регулирање на механизмите за препознавање и признавање на претходното учење, односно валидација на неформалното и информалното учење;
- донесување јасни, транспарентни и достапни критериуми според кои се спроведуваат процедурите за верифицирање, ревизија на квалитетот и оценка на квалитетот на установите/организациите за ПСО.

Акредитација на понудувачи на програми за образование за мајстор започнува со поднесување барање за акредитација од страна на комората до МОН, со целосна пропратна документација (договори, дипломи за соодветно образование согласно правилникот, кратки биографии, докази за исполнетост на услови за реализација на мајсторски испит во однос на простор, опрема и кадар). По потврдата за исполнетоста на условите и критериумите, занаетчиската комора се стекнува со Решение за акредитација.

## 8.2. Мониторинг и евалуација

Министерството надлежно за образование, Министерството надлежно за труд, ЦРСО, единиците на локалната самоуправа, коморите и социјалните партнери, се надлежни субјекти за стручното образование и обука.

Како главен носител на процесот на мониторинг треба да го издвоиме Министерството за образование и наука.

Стручниот надзор над работата на установите/организациите за СОО, вклучително и ПСО и работодавачите се извршува од страна на ЦРСО.

Инспекцискиот надзор и надзорот на квалитетот на работата на установите за СОО, преку надворешна евалуација, се извршува од страна на Државниот просветен инспекторат. Државниот просветен инспекторат е одговорен за надзор над:

- исполнувањето на образовните стандарди,
- обезбедувањето на квалитетот на образованието и
- ефективноста на воспитно-образовните установи.

За потврдување дека квалитетот е осигуран и дека посакуваниот излезен резултат (производ или услуга) одговара на однапред одредени критериуми, Државниот просветен инспекторат користи механизми или збир од методологии.

Обезбедувањето на квалитет на ниво на стручното образование и обука се остварува преку интерна и екстерна евалуација, самоевалуација согласно Законот за средното образование и интегрална евалуација согласно Законот за просветната инспекција.

Самоевалуацијата е исто така алатка за осигурувањето на квалитет во процесот на ПСО и обезбезбедување превентивни мерки за негово подобрување. За таа цел потребно е формирање комисија за квалитет во стручното образование и обука од страна на раководниот орган на установата за СОО, како телото кое ќе учествува во спроведувањето на самоевалуацијата и подготовка на извештај за истата.

Поради спецификата на процесот на самоевалуација потребно е да се изготват три вида акти за вршење на самоевалуација од страна на БРО и ЦРСО, како и за интегрална евалуација од страна на ДПИ.

Поради спецификата на процесот на евалуацијата како и на самоевалуација потребно е да се формираат работни групи и да се изготват акти за вршење на интегрална евалуација од страна на ДПИ, кои ќе се однесуваат за сите видови на даватели на ПСО, следствено и акти за самоевалуација на давателите на ПСО.

Покрај користењето на добри практики од земјите од Европската Унија исто така потребно е да почнеме да ги усогласуваме домашните закони со европското законодавство што поскоро.

### 8.3. Оценување

Една од поважните страни за осигурување на квалитетот е обезбедување на правилно оценувањето односно вреднување на постигнувањата на учениците. Така истите ќе бидат во можност да го следат својот напредок и да видат каде треба да вложат повеќе за да ги задоволат стандардите. Воспитно-образовните програмски цели и критериумите што ги пропишува државата ги одредуваат очекувањата за постигнувања на учениците и гарантираат дека се остваруваат општествените стандарди за знаење и вештини.

### 8.4. Мерење успешност на Концепцијата за постсредно образование

За да одговори на својата функција за подобрување на постсредното образование потребно е континуирано да се следи реализацијата на концепциските решенија и преку индикатори да се оценува постигањето на целите од Концепцијата. За успешно и објективно мерење на постигањата потребно е да се изработи сеопфатна Методологија со јасно дефинирани индикатори, процедури и инструменти за мерење на успешноста на целите од Концепцијата за ПСО. Покрај називот на индикаторот потребно е да се даде опис, временската рамка, методи за собирање податоци за следење на индикаторот, можни под-индикатори, временски период за постигнување на целта (каде што е применливо).

При дефинирањето на индикаторите треба да се земат во предвид препораките за подобрување на усогласеноста на постсредното образование со потребите на индустријата, како и предложените индикатори EQAVET, кои можат да се применат и за мерење на успешноста на Концепцијата за ПСО: EQAVET индикатор 3: Стапка на учество во програмите за стручно образование и обука; EQAVET индикатор 4: Стапка на завршување во програмите за стручно образование и обука; и EQAVET индикатор 10: Шеми кои се користат за промовирање подобар пристап до СОО и давање насоки за (потенцијалните) ученици за стручно образование и обука.

Индикаторите за реализацијата на Концепцијата може да се групираат во повеќе категории:

- зајакнати капацитети на системот за ПСО
- унапреден процес на стекнување компетенции неопходни на пазарот на трудот
- зголемена препознатливост на ПСО од страна на работодавачите и другите засегнати страни
- зголемено учество во програмите за стручно образование и обука
- зголемена стапка на завршување во програмите за ПСО
- зголемена понуда на квалификации
- подобрена вработливост и мобилност
- зголемен поттик за иновации, претприемништво и самовработување
- зголемен економски развој
- намалена невработеност
- поттикнат регионален и локален развој
- постигната извонредност во постсредното образование
- зголемена и подобрена пристапност и инклузивност на ПСО
- зголемена поддршка на процесите за развивање на дигитални вештини и вештачка интелигенција
- унапредени зелени вештини и процеси за циркуларна економија и одржлив развој

### 8.5. Професионален и кариерен развој на наставниците

Планирањето и реализирањето на континуиран професионален развој на наставниците и обучувачите треба да биде редовна активност и да биде предмет на интерна и екстерна евалуација.

Кариерниот развој на наставниците и другите вклучени лица во ПСО да се одвива согласно пропишаната регулатива и овој процес континуирано да се евалуира и подобрува.

## 9. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Финансирањето на ПСО е од особено значење за развојот и одржливоста, особено од аспект дека не спаѓа во задолжително образование и не се финансира

како јавното средно образование од Буџетот на Република Северна Македонија. Затоа треба да се изгради одржлив систем за финансирање, кој ќе биде мотивирачки за сите учесници во системот за ПСО.

Приоритетна задача е да се изработи модел за финансирање на програмите за ПСО, кој модел, преку широки консултации со засегнатите страни и промоција на истиот, ќе осигура воспоставување на одржливо и мотивирачко финансирање на програмите за ПСО. При изработка на моделот за финансирање на ПСО треба да се користат искуства од моделот и формулата за финансирање при распределбата на финансиските средства за стручното образование и обука кој беше во фаза на развивање во времето кога се изработуваше концепцијата за ПСО, како и искуствата за финансирање на ПСО во другите земји.

При изработка на моделот за финансирање треба да се имаат во предвид следните барања, кои произлегуваат од теренското истражување:

- поголема автономија на понудувачите на образовни услуги на програмите за ПСО во менаџирањето со финансиските средства што се стекнуваат преку реализација на програмите за ПСО;
- правна заштита на вложените финансиски средства за учесниците во програмите за ПСО, со обврска да останат одредено време во компанијата која ги поддржала програмите за ПСО;
- разни форми на стимулација за компаниите кои ќе вложуваат во програмите за ПСО;
- финансиска поддршка од страна на компаниите во процесите на градење на потребните профили и усовршување на своите вработени преку програмите за ПСО, преку Фондот за иновации и технолошки развој.

Давателите на постсредното образование имаат можност да ги користат следниве извори на финансиски средства:

- средства обезбедени од страна на заинтересираните кандидати (самофинасирање);
- средства обезбедени од страна на работодавачите;
- средства обезбедени од страна на агенциите за вработување (наменети за оспособување на евидентираните невработени лица со средно образование);
- средства планирани во Буџетот на Р. С. Македонија за финансирање на постсредното образование;
- средства планирани во општинските буџети за финансирање на постсредното образование;
- средства обезбедени од основачот на давателот на ПСО;
- средства обезбедени од страна на домашни и меѓународни институции, организации и агенции во вид на донации, проекти, дотации и сл.

Врз основа на донесениот модел за финансирање на програмите за ПСО ќе бидат изработени посебни правилници од страна на давателите на ПСО и во нив ќе биде утврден начинот на финансирањето и висината на цената на чинење на програмите за ПСО.

Анекс. Образец за модул

| | |
|---|---|
| **Назив на модул** | Се запишува називот на модулот преку што се рефлектира содржината на модулот |
| **Код на модул** | Се определува согласно  Упатството за кодирање на модули подготвен од ЦРСО |
| **Подрачје на модул** | Се запишува програмското подрачје во кое припаѓа модулот |
| Вредност на кредити и времетраење за модулот | |
| **Сектор(и) на модул** | Се наведува секторот/и каде модулот е застапен |
| **Квалификации (назив и ниво) во коишто модулот е една од компонентите** | Се наведува називот на квалификацијата/и каде модулот е застапен и нивото на квалификацијата/иите согласно МРК |
| **Услови за влез или упис** | Се наведуваат општите и специфичните барања согласно потребите од квалификацијата |
| **Содржина на модулот** | Се наведуваат модуларните единици кои се составен дел од модулот |
| **Цел и намена на модулот** | Се опиша оправданоста  и припадноста на модулот во рамките на квалификацијата. Исто така се наведува каде се применуваат компетенциите стекнати со модулот |
| **Надлежни институции за реализација и сертификација на модулот** | Се наведуваат условите под кои институциите се верификуваат за реализација и сертификација на модулот |
| **Начин на реализација** | Се наведува местото, времето, условите  и ресурсите(материјално, технички услови и норматив на наставен кадар) за реализација |
| **Ресурси за реализација на модулот** | Се наведуваат материјално-техничките услови за реализација |
| **Можности за надградба и поврзаност** | Се наведува како модулот може да биде основа за понатамошно учење, во други квалификации и сектори и/или специјализација |

| Бр | Резултати од учењето на модулот | Се наведуваат резултатите од учење кои водат кон стекнување на компетенции од когнитивен, психомоторен и афективен домен. Бројот на резултати од учење е поврзан со опсегот на компетенциите кој се опфаќа со модулот |
|---|---|---|
| **Бр** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за вреднување** |
| 1 | | Се наведуваат индикатори преку кои се определуваат критериумите за вреднување на резултатот од учење. За еден резултат препорачливо е да се наведат 3-5 критериуми за вреднување |
| 2... | | |

| | |
|---|---|
| **Методологија за оценување** | Се наведува начинот, видот и инструментите со кои се определуваат постигањата на учесникот. |
| **Јавна исправа** | Се наведува називот на јавната исправа (сертификт за...) кое се добива по завршување на модулот со што се обезбедува проодност кон следен модули |
| **Евалуација на модулот** | Се наведува начинот и инструментите кои се користат за евалуација по реализација на модулот од страна на учесниците, со цел подобрување на квалитетот на реализација на модулот. |